Службен весник на Република Македонија

Број 217 **11 декември 2015, петок** **година LXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
5981.	**Закон** за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување	4
5982.	**Закон** за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување	4
5983.	**Закон** за вработување и работа на странци	4
5984.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти	18
5985.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за градење	24
5986.	**Закон** за изменување на Законот за здравственото осигурување	27
5987.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование	27
5988.	**Закон** за дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони	29
5989.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за странците	30
5990.	**Автентично** толкување на членот 460 став 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14 и 88/15)	36
5991.	**Одлука** за помилување на осудени лица	37
5992.	**Уредба** за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон	37
5993.	**Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Израел во Република Македонија, со седиште во Скопје	38
5994.	**Одлука** за давање согласност за именување на Почесен конзул на Израел во Република Македонија, со седиште во Скопје	38
5995.	**Одлука** за основање на спортска академија во Скопје	38

Стр.

5996. **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар **39**

5997. **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија **39**

5998. **Одлука** за продажба на одземен недвижен имот..... **39**

5999. **Одлука** за продажба на одземен недвижен имот..... **39**

6000. **Одлука** за продажба на одземен недвижен имот..... **40**

6001. **Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија..... **40**

6002. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје **41**

6003. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје..... **41**

6004. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје..... **41**

6005. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Завод за физикална медицина и рехабилитација - Скопје **44**

6006. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје **44**

6007. **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија, угостителство и услуги ЛОИС-ГЕМСТОНЕ увоз-извоз ДООЕЛ с.Стрелци Кичево на локалитетот „Пополчани“ општина Кичево..... **44**

Стр.

6008. **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – метални минерални суровини на Друштвото за трговија и услуги ВАРДАР РЕСОУРЦЕС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Шопур“ општина Радовиш и општина Штип **45**

6009. **Одлука** за поништување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерална суровина по Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерална суровина **46**

6010. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка **46**

6011. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на нов подземен 0,4kv кабелски вод, водоводен вод и канализационен вод КО Звегор-вон г.р. Општина Делчево **47**

6012. **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на ЈП АГРО БЕРЗА Скопје **47**

6013. **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија..... **47**

6014. **Одлука** за давање на трајно користење недвижни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности..... **48**

6015. **Одлука** за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена лесна и незагадувачка индустрија КО Ињево вон г.р. Општина Радовиш **48**

6016. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната научна установа Институт за филм, Филмска академија - Охрид **48**

Стр.

6017. **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија **51**

6018. **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности..... **51**

6019. **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности..... **51**

6020. **Одлука** за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство **51**

6021. **Решение** за доделување титула Амбасадор на спортот на Република Македонија во Кралството Шпанија **52**

6022. **Решение** за доделување титула Амбасадор на спортот на Република Македонија во Република Турција **52**

6023. **Решение** за доделување титула Амбасадор на спортот на Република Македонија во Австралија..... **52**

6024. **Решение** за доделување титула Амбасадор на спортот на Република Македонија во Република Словенија **52**

6025. **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2015 година..... **52**

6026. **Програма** за изменување на Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Македонија во 2015 година **53**

6027. **Програма** за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (квб) во Република Македонија за 2015 година..... **53**

6028. **Програма** за изменување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2015 година **53**

6029. **Програма** за изменување на Програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетес за 2015 година..... **54**

Стр.

6030. **Програма** за изменување и дополнување на национална Годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2015 година **54**

6031. **Програма** за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2015 година **55**

6032. **Програма** за изменување на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2015 година **55**

6033. **Програма** за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2015 година..... **56**

6034. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на фактурата, формата и содржината на пријавата, начинот на пријавување на прометот, содржината на евиденцијата на фактури која ја води надлежен даночен орган како и формата и содржината на евиденцијата за примени фактури која ја води примателот на прометот за цели на спроведување на даночното ослободување од плаќање на данок на додадена вредност на промет на добра и услуги наменети за реализација на проект кој е финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација склучен помеѓу Република Македонија и странски донатор во кој е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци... **57**

6035. **Правилник** за мерилата и критериумите за распоредување на средствата за финансирање на спортските академии **61**

6036. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање **63**

6037. **Правилник** за изменување на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација..... **69**

6038. **Одлука** за продолжување на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи... **69**

Огласен дел..... 1-120

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

5981.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 декември 2015 година.

Бр. 08-5753/1
9 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 188/14), во членот 1 датата „1 јануари 2016“ се заменува со датата „1 декември 2017“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR KONTRIBUTE NGA SIGURIMI I DETYRUESHËM SOCIAL

Neni 1

Në Ligjin për ndryshimin e Ligjit për kontribute nga sigurimi detyrueshëm social (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 188/14), në nenin 1 data “1 janar 2016” zëvendësohen me datën “1 dhjetor 2017”.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

5982.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 декември 2015 година.

Бр. 08- 5754/1
9 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 188/14), во членот 2 датата „1 јануари 2016 година“ се заменува со датата „1 декември 2017 година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM PENSIONAL DHE INVALIDOR

Neni 1

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 188/14) në nenin data “1 janar 2016” zëvendësohet me datën “1 dhjetor 2017”.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

5983.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ

Се прогласува Законот за вработување и работа на странци,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 декември 2015 година.

Бр. 08-5757/1
9 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ

ГЛАВА I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Содржина на Законот

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат условите и постапката под кои странци можат да се вработуваат или да работат во Република Македонија, освен ако со ратификуван меѓународен договор поинаку не е утврдено.

(2) Странец се смета како вработено лице во Република Македонија кога врз основа на договор за вработување ќе заснова работен однос кај работодавач чие седиште или место на живеење е во Република Македонија или кога ќе стекне статус на самовработено лице согласно со овој или друг закон.

(3) Услугите обезбедени од странци и другите облици на работа, кои ги извршуваат странци врз основа на договори за работа или други договори согласно со граѓанското право, а кои се спроведуваат на територијата на Република Македонија за ограничен временски период, се сметаат за работа извршена од страна на странци.

Дефиниција на поими

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Странец" е лице кое не е државјанин на Република Македонија;
2. "Странец" е и лице без државјанство, односно лице кое ниедна држава по сила на својот закон не го смета за свој државјанин;
3. "Барател на азил" е странец кој бара заштита од Република Македонија, согласно со Законот за азил и привремена заштита;
4. "Признаен бегалец" е странец на кој согласно со Законот за азил и привремена заштита му е признато правото на азил;
5. "Лице под супсидијарна заштита" е странец кој не се квалификува како признаен бегалец, а на кој Република Македонија ќе му признае право на азил и ќе дозволи да остане во рамките на нејзината територија;
6. "Лице под привремена заштита" е странец на кој му е признато правото на привремена заштита, согласно со Законот за азил и привремена заштита;
7. "Жртва на трговија со луѓе" е странец за кого постојат основани сомневања дека е жртва на кривично дело трговија со луѓе утврдено со Кривичниот законик и на кого, согласно со Законот за странци, му е издадена дозвола за привремен престој заради работа поради хуманитарни причини;
8. "Работодавач" е правно или физичко лице регистрирано да врши дејност и другите лица наведни во Законот за работните односи, кои вработуваат работници врз основа на договор за вработување;
9. "Работник" е физичко лице кое врз основа на договор за вработување засновал работен однос кај работодавач и кое врз основа на тоа е пријавено во задолжителното социјално осигурување од страна на работодавачот.

Примена на Законот

Член 3

Одредбите на овој закон важат за сите странци, освен ако поинаку не е утврдено со закон или ратификуван меѓународен договор.

Основни одредби

Член 4

(1) Собранието на Република Македонија по предлог на Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата), со резолуција ја утврдува политиката на миграција и основите на политиката за вработување и работа на странци која ќе се спроведе согласно со овој закон и со билатералните и мултилатералните ратификувани меѓународни договори. Предлог-резолуцијата до Владата ја подготвуваат Министерството за внатрешни работи во соработка со Министерството за надворешни работи и Министерството за труд и социјална политика. Врз основа на утврдената политика за работа и вработување на странци, Владата годишно ќе утврдува квота на дозволи која ќе биде утврдена со одлука, донесена најдоцна до крајот на тековната година за наредната година.

(2) Согласно со утврдената политика за вработување и работа на странци, Владата ќе склучи меѓународни договори, поставувајќи ги условите за одредена категорија на работници, текот на услугите меѓу државите потписнички на договорот кои ќе бидат изземени од предвидените квоти и ќе усвои мерки за заштита на домашниот пазар на труд, утврдени со овој закон.

(3) Странците кои согласно со одредбите од овој или друг закон можат да се вработат, самовработат, или да работат во Република Македонија, задолжително треба да поседуваат дозвола за привремен престој заради работа издадена од Министерството за внатрешни работи или дозвола за работа издадена од Агенцијата за вработување на Република Македонија и регулиран престој по друг основ во Република Македонија. Во постапката за стекнување на дозвола за привремен престој заради работа согласно со закон, Агенцијата за вработување на Република Македонија издава мислење врз основ на искористеноста на квотата и моменталните потреби на пазарот на труд во Република Македонија. Лицето задолжено да ја регистрира нивната работа, треба да ја регистрира како работа на странец, согласно со одредбите од овој закон. Во определени случаи утврдени со членовите 11, 12, 13, 14 и 15 од овој закон, ќе биде дозволено давање на услуги од страна на странци врз основа на потврда за регистрација на работа.

(4) Потврдата за регистрација на работата на пропишан образец е документ кој ја потврдува законитоста на работата, која ја вршат странците во државата.

(5) Договор за вработување или за работа склучен меѓу работодавач и странец кој не поседува дозвола за привремен престој заради работа или работна дозвола и регулиран престој на странецот, ќе се смета за ништовен.

(6) При вработување на странец, работодавачот не смее барателот на вработувањето да го стави во неедначва положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидноста, религиозното, политичкото или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности. Забраната на директна или индиректна дискриминација во овие случаи се однесува на дискриминација на кандидатот за вработување и работникот, согласно со Законот за работните односи.

ГЛАВА II
ОГРАНИЧУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА СТРАНЦИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Утврдување на квоти работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територија на Република Македонија

Член 5

(1) Квотата за работни дозволи за странци кои можат да бидатат работно ангажирани на територија на Република Македонија (во натамошниот текст: кво-

тата) до Владата ја предлага министерот надлежен за работите од областа на трудот по предлог на Агенцијата за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенција за вработување), во соработка со министрите одговорни за соодветните области, согласно со законските прописи, за која свое мислење може да даде и Економскиот социјален совет.

(2) Квотата нема да опфаќа странци:

1) на кои врз основа на договор за реципроцитет со Европската унија им е дадена еднаквост со државјаните на Република Македонија,

2) кои во Република Македонија ќе вршат активности врз основа на меѓународен договор кој Република Македонија го има склучено со друга држава, врз принцип на реципроцитет;

3) професионални спортисти и спортски работници;

4) кои се привремено упатени од странското правно лице во регистрирана филијала или друга организациската единица во Република Македонија за вршење на раководни или специјални работи;

5) кои се вклучени во реализација на проекти за развој подржани од Владата.

(3) Квотата ќе биде поделена во групи на дозволи за следниве цели:

1) вработување на странци во Република Македонија;

2) странци упатени во Република Македонија;

3) сезонско работење на странци и

4) поединечни услуги од странци.

(4) Квотата од ставот (3) точка 1 на овој член не може годишно да надминува 5% од населението на Република Македонија кое законски е вработено, според податоците на Државниот завод за статистика.

(5) Квотата од ставот (3) точка 1 на овој член ги опфаќа и дозволите за кои Република Македонија дава согласност, согласно со ратификуваните меѓународни договори со државите чии државјани немаат еднаков статус со државјаните на Република Македонија.

(6) Владата може да ги намали и менува квотите за вработување и работа на странци по региони, области, правни лица и работни места. Исто така, може да поставува ограничувања и забрани на приливот на нови странски работници во целост или во одредени општини, ако постојат добро основани причини дека ова е од јавен интерес или општ комерцијален интерес.

(7) Како основани причини за прифаќање на мерките од ставот (6) на овој член се сметаат:

1) склучување на меѓународен договор врз основа на кој барањата за вработување на странски работници се намалени;

2) зголемени трендови на невработеност;

3) намалување на потребата од странски работници што резултира од програмите за политиките за нивно вработување;

4) процена дека странецот за кој станува збор нема да може да се врати во неговата земја на потекло по истекот на неговата работна дозвола и

5) барањата од компетентната комора или репрезентативниот синдикат на национално ниво, поддржано со докази за загубени работни места во поединечни сектори.

(8) Владата може да определи посебни мерки за ограничување на бројот на самовработени странци по поединечна дејност, ако зголемувањето на бројот на самовработени странци ќе влијае на порастот на домашната невработеност во одредената дејност.

(9) Иницијатива за прифаќања на мерките од ставот (8) на овој член можат да предложат надлежниот ресорен министер, стручна асоцијација, компетентна комора или репрезентативен синдикат на национално ниво.

(10) Поединечни зголемувања над годишната утврдена квота во текот на годината ќе се одобрат во исклучителни случаи, ако Владата утврди дека ова е од јавен комерцијален интерес на државата. Во ваквите случаи Владата ќе го утврди обемот и траењето на овој вид на зголемување на квотата, на предлог на компетентната комора, во договор со репрезентативните синдикати на национално ниво, министерството надлежно за работите од областа на трудот и министерството надлежно за соодветната област во рамките на која е предложен исклучокот.

(11) Владата може да утврди за случаи на меѓународни тендери, дозволите за привремен престој заради работа на странците да се издаваат надвор од квотата, без претходно издадена согласност од Агенцијата за вработување на Република Македонија. Во овие случаи Владата ќе го утврди бројот на странските работници и другите неопходни услови, согласно овој закон.

Утврдување на приоритети

Член 6

Квотата утврдена од страна на Владата за поединечни цели е поделена согласно со следниве приоритети:

1) важечки работни дозволи;

2) работни дозволи издадени врз основа на ратификувани меѓународни договори кои опфаќаат веќе договорени квоти и

3) нови работни дозволи и дозвола за привремен престој заради работа.

ГЛАВА III

РАБОТНИ ДОЗВОЛИ

Општи одредби

Член 7

(1) Работна дозвола е документ врз основа на кој домашниот или странскиот работодавач склучува договор за вработување со странец, согласно со одредбите од овој закон.

(2) Работна дозвола се издава за определен временски период до една година или на неопределено време.

(3) На странецот може да му се издаде само една работна дозвола за ист временски период.

(4) Работната дозвола на странецот ќе му биде одземена и поништена, ако:

1) дозволата на странецот за привремен или постојан престој престанала согласно со закон;

2) странецот престојува надвор од Република Македонија за период подолг од шест месеци без прекин, освен во случаи кога странецот е упатен по налог на работодавачот во странска држава или ако е отсутен поради образование, болест, породилно отсуство или отсуство поради нега на дете и

3) странецот врши друга работа, освен онаа за која работната дозвола е издадена.

(5) Одредбите од ставот (4) точка 2 на овој член не се применуваат за странци кои поседуваат работна дозвола која важи за неопределен временски период.

(6) Министерот надлежен за работите од областа на трудот го пропишува начинот на издавање на работни дозволи и формата и содржината на работните дозволи, како и формата и содржината на образецот на дозволата.

Надлежни органи

Член 8

(1) Агенцијата за вработување донесува решение за издавање на работните дозволи и продолжување на работните дозволи утврдени со овој закон. Решението се донесува во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето со потребната документација.

(2) Против решението на Агенцијата за вработување, како првостепен орган со кое се одбива барањето на странецот за работна дозвола, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерството за труд и социјална политика.

(3) Во случај кога ќе се утврди дека постојат условите утврдени во членот 7 од овој закон, Агенцијата за вработување донесува решение за одземање на работната дозвола во рок од три дена од денот на дознавањето за постоење на условите.

(4) За донесување на решенито за одземање од ставот (3) на овој член, Агенцијата за вработување го известува Министерството за внатрешни работи.

(5) Против решението на Агенцијата за вработување од ставот (3) на овој член, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Министерството за труд и социјална политика.

(6) По жалбите од ставовите (2) и (5) на овој член, министерството одлучува во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

Постапка за издавање на работна дозвола

Член 9

(1) Барање може да поднесе странец кој го има регулирано престојот во државата по друг основ, во Агенцијата за вработување или во други простории определени од Агенцијата за вработување.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член содржи податоци за странецот, неговата квалификациона структура (специјалноста на работникот) и податоци за кој вид на работа сака да се ангажира.

(3) За барање поднесено до Агенцијата за вработување не е потребно да се обезбеди мислење од Министерството за внатрешни работи, доколку странецот претходно го има регулирано својот престој во Република Македонија по друг основ.

(4) Формата и содржината на образецот на барањето и потребните документи ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Работна дозвола

Член 10

(1) Работна дозвола која се издава за определен временски период до една година е обновлив или постојан облик на работна дозвола, која во текот на својата важност му овозможува на странецот слободен пристап до пазарот на трудот.

(2) Барање за добивање на Работна дозвола од ставот (1) на овој член, може да се поднесе од страна на странец кој ги исполнува условите утврдени во овој закон и од страна на азилант.

(3) Работна дозвола се издава од ставот (1) на овој член се издава на:

1) член на потесното семејството на државјани на Република Македонија кој поседува важечка дозвола за привремен престој заради работа;

2) член на потесното семејството на странец кој поседува работна дозвола за неодреден временски период;

3) странец кој по потекло е од Република Македонија или негов наследник до трето колено, кој нема македонско државјанство;

4) странец кој престојува во Република Македонија врз основ на дозвола за привремен престој заради работа, за семејно обединување;

5) странец барател на правото на азил на кој барањето за признавање на правото на азил не му е решено во период од една година, по истекот на периодот од една година (дозволата за работа се издава на три месеци со можност за продолжување);

6) странец со признат статус на бегалец;

7) странец под супсидијарна заштита и

8) странец под привремена заштита.

(4) Работна дозвола се издава на жртви на трговија со луѓе кои имаат стекнато дозвола за привремен престој заради работа поради хуманитарни причини за временскиот период на валидноста на дозволата за привремен престој.

(5) Странците наведени во ставот (3) на овој член, доколку им престане работниот однос не по нивна вина, можат да се заведат во евиденцијата на невработени лица во Агенцијата за вработување.

(6) Членови на потесно семејство на државјанин на Република Македонија согласно со овој закон се:

1) брачен другар;

2) деца на возраст до 18 години кои не се во брак;

3) деца на брачниот другар на возраст до 18 година кои не се во брак;

4) деца над 18 години кои не се во брак и нивните родители кои државјанин на Република Македонија е должен да ги издржува согласно со законот на државата чиј жител е;

5) деца над 18 години кои не се во брак и родители на брачниот другар кои брачен другар на државјанин на Република Македонија е должен да ги издржува, согласно со законот на државата чиј државјанин е и

6) родители на државјани на Република Македонија до 18 годишна возраст.

(7) Членови на потесно семејство на странецот ќе се сметаат:

1) брачен другар;

2) малолетни деца на возраст до 18 години на странецот кои не се во брак;

3) малолетни деца на возраст до 18 години на брачниот другар кои не се во брак;

4) родители на малолетен странец и

5) возрасни деца кои не се во брак и родители на странецот или брачен другар кои странецот или брачниот другар е одговорен да ги издржува, согласно со законот на државата чиј државјанин е.

(8) Согласно со овој закон членови на потесно семејство на странецот ќе се сметаат и другите роднини на кои надлежниот орган за издавање дозвола за престој им издал дозвола за престој во Република Македонија, заради семејно обединување.

(9) Барање за работна дозвола со важност за неодредено време може да се поднесе од страна на странец кој поседува дозвола за постојан престој во Република Македонија и лице со признат статус на бегалец.

(10) Лицата кои имаат обврска да го регистрираат почетокот и престанокот на работата вршена од странци се работодавачите кои засноваат работен однос со странецот.

(11) Работната дозвола ќе престане да важи:

1) со истекот на рокот на важноста на работната дозвола;

2) со престанување на важноста на дозволата за престој;

3) ако странецот се откаже од својата работна дозвола;

4) ако странецот се стекне со државјанство на Република Македонија;

5) во случај на смрт на странецот.

ГЛАВА IV

УСЛУГИ КОИ ГИ ДАВААТ СТРАНЦИТЕ ВРЗ ОСНОВА НА РЕГИСТРАЦИЈА НА РАБОТАТА

Креативни услуги од областа на културата

Член 11

(1) Странците кои самите обезбедуваат креативни услуги од областа на културата како учесници во културни работилници, состаноци, колонии и други кул-

турни настани или како известувачи за вакви настани, како креатори и преработувачи од областа на музиката, музички изведби, ора, балет и литературни дела, фотографија, видео, филм и уметност на електронски медиуми, како придружен персонал за инструктори, известување и организациски и технички персонал и како експерти од областа на заштитата на културното наследство, библиотекарство, архиварство и креативната култура, а кои не престојуваат во државата повеќе од седум дена се должни, во зависност од тоа каде ги даваат креативните услуги да добијат претходна согласност од Министерството за култура, Министерството за економија, Агенција за млади и спорт или од единиците на локалната самоуправа на чија територија се одржува културниот настан.

(2) Странците наведени во ставот (1) на овој член за своите креативни услуги од областа на културата, за регулирање на својот престој, во зависност од тоа каде ги даваат, односно извршуваат креативните услуги треба да добијат согласност, и тоа од:

- Министерството за култура за креативните услуги кои ги даваат, односно извршуваат во установите од областа на културата,
- Министерството за економија за креативните услуги кои ги даваат, односно извршуваат во угостителски објекти,
- Агенцијата за млади и спорт за креативни услуги кои ги даваат, односно извршуваат во спортски сали и објекти или
- Единиците на локалната самоуправа на чиј простор се даваат или се извршуваат креативните услуги.

(3) Во барањето за согласност кое го доставува организаторот или клиентите на услугата треба да се приложат план и програма на активностите кои странците од ставот (1) на овој член ќе ги реализираат, листа на претходно реализирани активности и кратка биографија на странците и покана за учество или договор со организаторот или клиентот на услугата. Исклучок претставуваат циркусите и забавните паркови кои за регулирање на својот престој треба да добијат согласност од општината која им одобрила локациско поставување на нејзиното подрачје.

(4) Условот за давање на услуги согласно со ставот (1) на овој член е регистрирање на работата во Агенцијата за вработување. Лицата кои се одговорни за регистрирање на работата во Агенцијата за вработување, се организаторите или клиентите на услугата во местото каде што треба да се даде услугата, или доколку работата се изведува на повеќе локации, на локацијата на седиштето на организаторот или клиентот.

(5) Во случај кога работата која се извршува врз основа на договор, трае подолго од периодот утврден во ставот (1) на овој член, тогаш странците на кои се однесува истата, имаат обврска да добијат работна дозвола во согласност со видот на работата која тие ја извршуваат.

(6) Услугите кои се наведени во ставот (1) на овој член можат да се даваат неколку пати врз основа на сертификат за регистрација на работата, но најмногу до 30 дена во една календарска година.

Услуги за трговски саеми

Член 12

(1) За странските работници упатени во земјата со цел да се монтира, склопи и изложи опрема и предмети за трговски саеми и изложби во кои учествува нивниот работодавач нема да биде потребно да се добие дозвола за работа, доколку тие ги завршат услугите во рокот кој не го надминува периодот на траење на трговскиот саем.

(2) За случаите од ставот (1) на овој член странскиот работодавач кој ги става своите производи и предмети на излог е должен да ја регистрира работата која ја извршуваат странците во Агенцијата за вработување во местото каде што треба да се даде услугата.

Краткотрајни услуги кои се даваат од странци

Член 13

(1) Дозвола за работа не е потребна во следниве случаи:

1) кога услугите кои ги даваат странските работници кои се поврзани со набавка на стока и склопување на машини, средства и опрема, кога давателот на услуги дава воведни инструкции на персоналот на клиентот и кога услугите се придружени со демонтажа на машините, средствата и опремата;

2) кога за тоа е потребно давање на редовни услуги за одржување, доколку овие услуги се договорени со договорот за купување на машините, средствата или опремата и доколку тие се даваат од страна на работници, вработени кај производителот или од овластен правен субјект од страна на производителот;

3) кога врз основа на договорот за набавка на машини, средства или опрема од странство, добавувачот е во обврска на свој сопствен трошок да ги утврди дефектите во машините, средствата или опремата која е набавена и

4) доколку работата трае најмногу 60 дена и лицето кое е одговорно за регистрација ја регистрира работата која ја извршуваат странците.

(2) Лицето кое е одговорно за регистрација на почетокот на работата на странецот, треба да биде локален клиент за кого странскиот работодавач и неговите работници или странецот како физичко лице даваат услуги.

(3) Услугите кои се наведени во ставот (1) на овој член можат да се даваат неколку пати во текот на годината врз основа на образец за регистрација на работата, но најмногу до 60 дена во една календарска година.“

Работи кои ги вршат странци кои во Република Македонија престојуваат заради студирање

Член 14

(1) Странците кои престојуваат во Република Македонија заради студирање, можат да вршат краткорочни или помошни работи без дозвола за работа, доколку целокупниот период за вршење на такви работи не е повеќе од 10 работни часа во текот на една недела.

(2) Условот за вршење на краткорочни или помошни работи, согласно со ставот на овој член, е регистрирање на работата во Агенцијата за вработување. Лицата кои се одговорни за регистрирање на работата во Агенцијата за вработување се организаторите, клиентите или работодавачот во местото каде што треба да се извршува работата.

(3) За периодот на извршување на краткорочните или помошните работи од страна на странски студенти, работодавачот е должен да ги покрие трошоците за нивното социјално осигурување.

Услуги за итни случаи

Член 15

(1) Во случај кога на барање на локалниот клиент кој може да биде трговско друштво, државен орган, единици на локалната самоуправа и градот Скопје или овластена организација, потребно е веднаш да се обезбедат услуги од странски давател, со цел да се утврди или спречи економска штета или друга последица која произлегува од природни катастрофи или други несре-

ќи или хаварии, или за изведување на спасувачки операции или мерки кои се потребни да се спречат заканите по здравје на населението или при вонредна дијагностика односно инспекција на воздухоплови, тогаш за странските работници или соодветно квалификуваните странски физички лица, нема да биде потребно да се добие дозвола за работа.

(2) За случаите од ставот (1) на овој член клиентот за кого се наменети услугите треба да ја регистрира услугата во рок од три дена од пристигнувањето на странците во земјата, работата која ја извршуваат странците во Агенцијата за вработување во местото каде што се наоѓа седиштето на клиентот.

(3) Давањето на услугите според овој член не смее да трае подолго од 30 дена. Во случај кога е потребно подолго присуство на странците, клиентот мора да побара дозвола за работа за регистрираните странци, која треба да се издаде без оглед на состојбата и условите на пазарот на работна сила.

ГЛАВА V

РЕГИСТРАЦИЈА НА ПОЧЕТОКОТ И ЗАВРШУВАЊЕТО НА РАБОТАТА КОЈА ЈА ИЗВРШУВААТ СТРАНЦИ

Општи одредби за регистрација на почетокот и завршувањето на работата која ја извршуваат странци

Член 16

(1) Регистрацијата на работата која ја извршуваат странци е задолжителен услов кој важи за сите странци кои врз основа на одредбите на овој или друг закон се вработени или работат во Република Македонија.

(2) Лицата кои согласно со овој закон се одговорни за регистрирање на работата која ја извршуваат странци, задолжително треба да го регистрираат почетокот и завршувањето на работата која ја извршуваат странците, во согласност со одредбите од овој закон.

(3) Одговорните лица од ставот (2) на овој член се должни да извршат пријавување:

1. во рок од еден ден од почетокот на работата, во случаи на засновање на работен однос;

2. еден ден пред почетокот на извршување на работата, доколку не станува збор за засновање на работен однос со странец;

3. во рок од три дена по пристигнувањето на странецот во земјата, во случаите од членот 15 став (2) од овој закон.

(4) Агенцијата за вработување на лицето кое е одговорно за регистрирање на работата на странци, му издава образец во пропишана форма.

(5) Лицето кое е одговорно за регистрација задолжително треба да го чува образецот во текот на целиот период на вршење на работата во главното место на дејноста и во случај на теренска работа на градилиштето каде што работи странецот. Кога регистрацијата на работата се заснова на работна дозвола, лицето кое е одговорно да го чува образецот за ист период за кој е одговорен да ги чува и другите пропишани документи.

(6) Лицето кое е одговорно за регистрација на работата која ја извршуваат странците е должно да го даде на увид образецот за регистрација на работата по барање на надзорен орган. Доколку лицето не го изврши тоа ќе се смета дека истото не поседува таков образец.

(7) Во случај да се изгуби образецот за пријава на работата, Агенцијата за вработување ќе му издаде на лицето одговорно за регистрацијата дупликат на истиот.

(8) Начинот за регистрација и завршување на работата која ја вршат странците, доказите кои се приложуваат кон барањето, како и размената на податоци од посебни регистрации меѓу посебни органи и услуги, ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Член 17

Агенцијата за вработување месечно ги обработува собраните податоци за пријава и одјава на работа на странци, истите ги споредува со податоците за издадени работни дозволи во рамките на одделни цели, по кои се разделува квотата за работни дозволи и за резултатите го известува Министерството за труд и социјални политика и Државниот инспекторат за труд, а на барање и другите органи и служби, надлежни за спроведување на овој закон.

ГЛАВА VI

НАДЗОР

Овластени надзорни органи

Член 18

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за труд и социјална политика.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон врши Државниот инспекторат за труд (во натамошниот текст: Инспекторатот за труд).

(3) Инспекциски надзор може да се изврши над правно и физичко лице по службена должност или по барање на Агенцијата за вработување.

(4) Инспекторатот за труд е должен да доставува извештаи на секој шест месеци за покренатите постапки и изречените прекршочни санкции до Агеницијата за вработување, која е должна да води евиденција на направените прекршоци и изречените прекршочни санкции од страна на работодавачите и странците.

Обврските кон надзорните органи

Член 19

(1) Вработениот странец и работодавачот, задолжително треба да соработуваат со овластените надзорни органи и да дејствуваат во согласност со мерките наложени од овие органи. Тие мораат да им обезбедат на овластените органи пристап до целокупната расположлива документација, која служи како основа за издавање на документ, со кој се дозволува вработување или работа во Република Македонија.

(2) Странецот е должен да ја чува работната дозвола во местото каде што работи и по барање на овластено лице за контрола да ја достави како доказ во постапка.

(3) Работодавачот е должен да ја чува целокупната документација поврзана со работата и плаќањето на странците во период од пет години од завршувањето на вработувањето или работата која ја извршувале странците во Република Македонија.

ГЛАВА VII

ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Обврски на органите

Член 20

(1) Личните податоци што се прибираат согласно со овој закон можат да се обработуваат само за цели утврдени со законот.

(2) Личните податоци прибрани и обработени согласно со овој закон се чуваат во форма која овозможува идентификација на субјектот на податоците до исполнување на целта за која се прибрани.

(3) Преносот на личните податоци меѓу органите и телата може да се врши за цели утврдени со закон, врз основа на претходно склучен договор со кој се гарантира заштитата на личните податоци.

(4) Институции кои поседуваат податоци кои се значајни за утврдување на можни нерегуларности во однос на спроведувањето од овој закон се должни да соработуваат меѓу себе и да ги доставуваат податоците кои ги бара овластениот орган наведен во членот 18 од овој закон.

ГЛАВА VIII

ЕВИДЕНЦИЈА

Евиденција за работните дозволи на странци

Член 21

(1) Евиденцијата за странците кои се вработени или работат на територија на Република Македонија согласност со закон, во електронска форма се водат и се чуваат во Агенцијата за вработување.

(2) Податоците за странците кои Агенцијата за вработување ги собира и евидентира од барањата за работни дозволи вклучуваат:

1) име, татково име и презиме;
2) пол;
3) датум на раѓање;
4) број на лична карта и матичен број за странец;
5) број на патна исправа, орган кој ја издал и време на важност;
6) место и земја на раѓање;
7) националност;
8) последно место на живеење во странство, трајно или привремено или во Република Македонија (земја, место на живеење, адреса);
9) сегашно трајно или привремено место на живеење во Република Македонија (место на живеење, адреса);
10) вид и број на патен документ, датум и место на издавање и период на важење;
11) вид на дозвола за престој, датум на издавање и нејзин период на важење;
12) ниво на професионално образование;
13) занимање;
14) стручно знаење;
15) работно искуство и
16) изречени прекршочни санкции.

(3) Агенцијата за вработување може да собира, разменува и евидентира податоци за странците од евиденцијата која се чува во Министерството за внатрешни работи во однос на престојот во Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија по однос на здравственото осигурување и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во врска со пензиското и инвалидското осигурување на странци во Република Македонија.

(4) Податоците од евиденцијата од ставовите (2) и (3) на овој член ќе се чуваат во рок од две години од истекот на важењето на работната дозвола и потоа ќе се архивираат.

(5) Агенцијата за вработување води евиденција и за издадени мислења по однос на постапките за стекнување на дозвола за привремен престој заради работа. Податоците од наведената евиденција се чуваат во рок од пет години од денот на нивното издавање, одземање односно поништување и потоа се архивираат.

(6) Прибавувањето на доказите и податоците по службена должност од други органи и доставувањето на податоци по барање од други органи Агенцијата го врши по електронски пат.

(7) Комуникацијата меѓу Агенцијата и другите јавни органи и институции задолжително се одвива во електронска форма.

Член 22

Агенцијата за вработување доставува месечни извештаи до Управата за јавни приходи за работодавачите кои вработиле странци или каде странците биле ангажирани врз основ на договор за давање на услуги.

ГЛАВА IX

ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

Член 23

(1) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на работодавач како правно лице кој овозможува, поттикнува или учествува во незаконски вработувања на странци во Република Македонија или државјани на Република Македонија во странство.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од ставот (1) на овој член ќе се изрече и на одговорно лице во правно лице кој овозможува, поттикнува или учествува во незаконски вработувања на странци во Република Македонија или државјани на Република Македонија во странство.

Член 24

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на службеното лице во Агенцијата за вработување, ако:

1) не донесе решение за издавање на работните дозволи, продолжување на работните дозволи и одземање на работните дозволи, во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето со потребната документација спротивно на членот 8 став (1) од овој закон.

2) не донесе решение за одземање на работната дозвола во рок од три дена од денот на дознавање на постоење на условите, спротивно на членот 8 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на службеното лице во Министерството за труд и социјална политика ако не донесе решение по поднесена жалба во рок од 15 дена, спротивно на членот 8 став (7) од овој закон.

Член 25

(1) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на работодавач (правно лице) кој не ја вратил работната дозвола на странецот со кој не склучил вработување или договорен однос или го прекинал работниот однос или договорот за работа пред истекот на времетраењето на работната дозвола (член 7 став (7)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од ставот (1) на овој член се изрекува за прекршок на одговорно лице кај работодавачот.

Член 26

„По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, а во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето на кое е изграден истиот било сопственост на Република Македонија, барателот покрај доказите од ставот (2) на овој член, е должен да достави и уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект."

Член 3

Во членот 7 став (3) се менува и гласи:

„ По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот или нема доставено потврда за решени имотноправни работи за земјиштето издадена од органот на државна управа надлежен за имотноправните работи, а во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето на кое е изграден истиот било сопственост на Република Македонија, барателот покрај доказите од ставот (1) на овој член, е должен да достави и уверение за движење за земјиштето на кое е из-

граден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект. “

Член 4

Во членот 8 став (4) се менува и гласи:

„По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку бесправните електронски комуникациски мрежи и средства се изградени на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправните електронски комуникациски мрежи и средства се изградени на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронските комуникациски мрежи и средства и истите да се запишат во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, а во моментот на изградбата на бесправните електронски комуникацски мрежи и средства земјиштето на кое се изградени истите било сопственост на Република Македонија, барателот покрај доказите од ставот (1) на овој член, е должен да достави уверение за движење за земјиштето на кое се изградени бесправните електронски комуникациски мрежи и средства и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година се изградени бесправните електронски комуникацски мрежи и средства.“

Член 5

Во членот 10 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Доколку изјавата на барателот дадена согласно со членот 6 став (4) од овој закон или изјавата дадена согласно со членот 6 став (6) од овој закон е оспорена пред надлежен орган од страна на корисникот на земјиштето, односно сопственикот или сосопственикот на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и за тоа е доставен доказ, надлежниот орган од членот (4) од овој закон во рок од десет работни дена од приемот на доказот со кој се потврдува дека изјавата е оспорена, донесува заклучок за прекин на постапката.“

Ставот (5) станува став (6).

Во ставот (6) кој станува став (7) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „односно во случајот од ставот (5) на овој член по доставување на правосилна одлука од надлежен орган донесена во постапката во која е оспорена изјавата.“

Ставот (7) станува став (8).

Член 6

Во членот 12 став (1) алинеја 4 зборовите: „или кое е пренесено од поранешен сопственик но како корисник во имотниот лист не е евидентиран поранешниот сопственик, а барателот земјиштето го користи повеќе од 20 години,“ се заменуваат со зборовите: „или кое е пренесено од поранешен сопственик, но како корисник во имотниот лист не е евидентиран поранешниот сопственик или на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или кое е во сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, доколку во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето било сопственост на Република Македонија,“.

Член 7

Во членот 13 став (1) алинеја 4 зборовите: „а барателот земјиштето го користи повеќе од 20 години, односно повеќе од три години, доколку се работи за бесправен надземен линиски инфраструктурен објект-вод за електрична енергија кој е во функција на електронски комуникациски мрежи и средства за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа,“ се бришат, а сврзникот “и“ на крајот од алинејата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „или на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или кое е во сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, доколку во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето било сопственост на Република Македонија и“.

Член 8

Во членот 14 став (1) алинеја 4 зборовите: „а барателот земјиштето го користи повеќе од три години“ се бришат, а после запирката на крајот од алинејата се додаваат зборовите: „или на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или кое е во сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, доколку во моментот на изградбата на бесправните електронски комуникациски мрежи и средства земјиштето било сопственост на Република Македонија,“.

Член 9

Во членот 18 по ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) Ставовите (6) и (7) на овој член не се применуваат во случаите кога бесправниот објект е изграден на земјиште на кое согласно со важечката урбанистичко-планска документација е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура.“

Член 10

Во членот 20 по ставот (16) се додава нов став (17), кој гласи:

„(17) Во заклучокот за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект од ставот (1) на овој член, не се утврдува рок за плаќање на надоместокот.“

Член 11

Во членот 21 по ставот (10) се додаваат два нови става (11) и (12), кои гласат:

„(11) Во случаите кога е донесено решение за утврдување на правен статус на бесправен објект од значење за Републиката, бесправен објект од локално значење, бесправен објект на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, линиски инфраструктурен објект и електронски комуникациски мрежи и средства, кои се изградени на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице, односно кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а кое во моментот на изградбата на бесправниот објект, односно електронските комуникациски мрежи и средства било сопственост на Република Македонија, решението кое е правосилно и извршно, во рок од десет работни дена од правосилноста се објавува во “Службен весник на Република Македонија” и во еден дневен весник кој се издава на македонски јазик, а излегува најмалку три месеци пред денот на објавувањето на решението, а во општините, односно општините во градот Скопје во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, а излегува најмалку три месеци пред денот на објавувањето на решението.

Доколку надлежниот орган од ставот (2) на овој член располага со податоци за сопственикот или сосопственикот на земјиштето, еден примерок од решението се доставува и до сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето.

(12) Трошоците за објавување и доставување на решението согласно со ставот (11) на овој член се на товар на барателот за утврдување на правен статус на бесправниот објект.“

Член 12

Во членот 28 став (1) во воведната реченица зборовите: „одговорното лице и на службеното лице во“ се заменуваат со зборовите: „службеното лице-административен службеник одговорно за спроведување на постапката за утврдување на правен стаус на бесправен објект и на градоначалникот на“.

Во ставот (2) во воведната реченица зборовите: „одговорното лице и на службеното лице во“ се заменуваат со зборовите: „службеното лице-административен службеник одговорно за спроведување на постапката за утврдување на правен стаус на бесправен објект и на министерот кој раководи со“.

Во ставот (3) во воведната реченица зборовите: „одговорното лице и на службеното лице во“ се заменуваат со зборовите: „службеното лице-административен службеник одговорно за пресметка на надоместок во градот Скопје и на градоначалникот на “.

Во ставот (4) зборовите: „одговорното лице во“ се заменуваат со зборовите: „градоначалникот на“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице-административен службеник одговорно за спроведување на постапката за утврдување на правен стаус на бесправен објект ако не постапи согласно со членот 21 став (11) од овој закон и не го објави правосилното решение за утврдување на правен статус во “Службен весник на Република Македонија” и дневните весници и ако не достави еден примерок од решението до сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето, доколку располага со податоци за истите.“

Член 13

(1) Сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници на кое е изграден бесправен објект за кој е донесено решение за утврдување на правен статус во корист на друго физичко или правно лице, имаат право да побараат од сопственикот на објектот или неговите наследници, да им ја надоместат пазарната вредност на земјиштето.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, доколку пазараната вредност на земјиштето е поголема од пазарната вредност на објектот, а не се работи за објект за домување или објект од јавен интерес утврден со закон, сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници, имаат право да побараат од сопственикот на објектот или неговите наследници, да им ја надоместат пазарната вредност на земјиштето или пак да им припадне сопственоста на објектот, со обврска да му ја надоместат пазарната вредност на објектот на сопственикот на објектот или на неговите наследници.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, доколку сопственикот на објектот или неговите наследници, не ја надоместат пазарната вредност на земјиштето, сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници своите права можат да ги остварат во судска постапка пред надлежен суд, а при утврдување на вредноста на земјиштето, односно објектот, во предвид се зема пазарната цена во моментот на поднесување на тужбеното барање.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници тужбеното барање го поднесат по истек на 20 години од денот од денот на објавувањето на решението за утврдување на правен статус во “Службен весник на Република Македонија”, при утврдување на вредноста на земјиштето, односно објектот, во предвид се зема пазарната цена утврдена на денот на објавувањето на решението за утврдување на правен статус во “Службен весник на Република Македонија”.

(5) Доколку сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници не поднесат барање согласно со ставот (1) на овој член или ставот (2) на овој член, по истек на 20 години од денот на објавувањето на решението за утврдување на правен статус во “Службен весник на Република Македонија”, сопственикот на објектот или неговите наследници имаат право во судска постапка да се стекнат со сопственост на земјиштето на кое е изграден објектот.

(6) Во случаите од ставот (5) на овој член сопственикот на објектот или неговите наследници, можат да се стекнат со право на сопственост само на земјиштето кое е составен дел на градежна парцела на кое е изграден објектот за кој е донесено решението за утврдување на правен статус, освен доколку поинаку не ги уредат односите со сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член во случаите кога на иста градежна парцела покрај објектот за кој е донесено решение за утврдување на правен статус се наоѓа и објект на сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нивните наследници или пак е предвидена површина за градење согласно со урбанистичко-планската документација, сопственикот на објектот за кој е донесено решение за утврдување на правен статус или неговите наследници, можат да се стекнат со право на сопственост само на земјиштето под објект.

(8) Одредбите од овој член се применуваат за сите видови на бесправни објекти за кои е донесено решение за утврдување на правен статус, а кои се изградени на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице.“

Член 14

(1) Доколку се утврди дека по поднесување на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, со право на сопственост или сосопственост на земјиштето на кое е изграден објектот врз основа на решение за приватизација на градежно земјиште или решение за денационализација се има стекнато физичко или правно лице кое не е подносител на барањето за утврдување на правен статус, а донесено е решение за утврдување на правен статус, надлежниот орган доставува известување до подносителот на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, во рок од 30 дена да достави уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект.

(2) Доколку подносителот на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект достави уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект, во рокот утврден во ставот (1) на овој член, решението за утврдување на правен статус останува во правна важност и се применуваат одредбите од членот 13 од овој закон, а во спротивно се поништува решението за ут-

врдување на правен статус и се донесува заклучок за прекин на постапката согласно со членот 10 став (1) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/12, 115/14, 199/14, 124/15 и 129/15).

Член 15

(1) Имателите на бесправни објекти утврдени во членот 2 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/12, 115/14, 199/14, 124/15 и 129/15), кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, немаат поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, а на кои објекти заклучно со 3 март 2011 година се изведени градежните и инсталатерските работи во целост и истите претставуваат градежна и функционална целина, можат да поднесат барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, од денот на влегувањето во сила на овој закон до 31 март 2016 година.

(2) Барателите кои ќе доставаат барање за утврдување на правен статус согласно со ставот (1) на овој член, треба да доставаат геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект, најдоцна до 31 декември 2017 година.

(3) На барателите кои нема да доставаат геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект, во рокот од ставот (2) на овој член, надлежниот орган ќе им го одбие барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект.

Член 16

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ број 155/12 и 44/14), во членот 24 зборовите: „најдоцна до 31 декември 2015 година“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 31 декември 2016 година“.

Член 17

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Службен весник на Република Македонија“ број 124/15) во членот 12 став (1) зборовите: „најдоцна до 31 декември 2015 година“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 31 март 2016 година“, а во ставот (2) зборовите: „најдоцна до 31 декември 2016 година“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 31 декември 2017 година.“

Член 18

Постапките за утврдување на правен статус на бесправен објект кои се започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 19

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR VEPRIM ME OBJEKTE TË NDËRTUARA PA LEJE

Neni 1

Në Ligjin për veprim me objekte të ndërtuara pa leje (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/12, 115/14, 199/14, 124/15 dhe129/15) në nenin 5-b në paragrafin (2) pas fjalëve: “personi i cili me marrëveshje për shitblerje” vihet presje dhe shtohen fjalët: “marrëveshje për dhuratë, marrëveshje për kalim të pronës gjatë jetës ose marrëveshje për mbajtje gjatë gjithë jetës”, kurse fjalët: “nëse me marrëveshjen për shitblerje” zëvendësohen me fjalët: “nëse me marrëveshjen”.

Në paragrafin (3) në alinenë 2 pas fjalëve: “marrëveshje për shitblerje” shtohen fjalët: “ose marrëveshje për dhurim ose marrëveshje për kalim të pronës gjatë jetës ose marrëveshje për mbajtje gjatë gjithë jetës,”.

Neni 2

Në nenin 6 paragrafi (6) ndryshohet si vijon:

“Me përjashtim të paragrafit (3) të këtij neni, nëse objekti i ndërtuar pa leje është ndërtuar në tokë e cila nuk është pronësi të kërkuesit ose të Republikës së Maqedonisë, përkatësisht toka është pronësi e personit tjetër fizik ose juridik, përkatësisht objekti i ndërtuar pa leje është ndërtuar në tokë e cila është pronësi e kërkuesit dhe personit tjetër fizik ose juridik, kurse kërkuesi nuk ka lidhur marrëveshje për qira afatgjatë për tokën me pronarin përkatësisht bashkëpronarin e tokës ose nuk ka parashtruar deklaratë të verifikuar në noter me të cilën pronari përkatësisht bashkëpronari i tokës deklaron se pajtohet të përcaktohet statusi juridik i objektit pa leje dhe i njëjti të regjistrohet në librat publikë për regjistrimin e të drejtave për patundshmëri në emër të kërkuesit, ndërsa në momentin e ndërtimit të objektit pa leje, toka në të cilën është ndërtuar i njëjti ka qenë pronësi e Republikës së Maqedonisë, kërkuesi krahas dëshmive nga paragrafi (2) i këtij neni, është i obliguar të parashtrojë edhe vërtetim për lëvizje për tokën në të cilën është ndërtuar objekti pa leje dhe deklaratë të verifikuar në noter, që e jep me përgjegjësi materiale dhe penale, në të cilën do të konfirmojë se cilin vit është ndërtuar objekti pa leje.”

Neni 3

Në nenin 7 paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

“Me përjashtim të paragrafit (2) të këtij neni, nëse objekti pa leje është ndërtuar në tokë e cila nuk është pronësi e kërkuesit ose e Republikës së Maqedonisë, përkatësisht toka është pronësi e personit tjetër fizik ose juridik, përkatësisht objekti pa leje është ndërtuar në tokë e cila është pronësi e kërkuesit dhe personit tjetër fizik ose juridik, kurse kërkuesi nuk ka lidhur marrëveshje për qira afatgjatë për tokën me pronarin përkatësisht bashkëpronarin e tokës ose nuk ka parashtruar deklaratë të verifikuar në noter me të cilën pronari përkatësisht bashkëpronari i tokës deklaron se pajtohet të përcaktohet statusi juridik i objektit pa leje dhe i njëjti të regjistrohet në librat publikë për regjistrimin e të drejtave për patundshmëri në emër të kërkuesit, ose nuk ka dorëzuar vërtetim për punë të zgjidhura pronësore juridike të tokës të lëshuar nga organi i administratës shtetërore kompetent për punë pronësore juridike, ndërsa në momentin e ndërtimit të objektit pa leje, toka në të cilën është ndërtuar i njëjti ka qenë pronësi të Republikës së Maqedonisë, kërkuesi krahas dëshmive nga paragrafi (1) i këtij neni, është i obliguar të parashtrojë edhe vërtetim për lëvizje për tokën në të cilën është ndërtuar objekti pa leje dhe deklaratë të verifikuar në noter, që e jep me përgjegjësi materiale dhe penale, në të cilën do të konfirmojë se cilin vit është ndërtuar objekti pa leje.”

Neni 4

Në nenin 8 paragrafi (4) ndryshohet si vijon:

"Me përjashtim të paragrafit (3) të këtij neni, nëse rrjetet dhe mjetet komunikuese elektronike pa leje janë ndërtuar pa leje në tokë e cila nuk është pronësi e kërkuesit ose e Republikës së Maqedonisë, përkatësisht toka është pronësi e personit tjetër fizik ose juridik, përkatësisht rrjetet dhe mjetet komunikuese elektronike pa leje janë ndërtuar në tokë e cila është në bashkëpronësi të kërkuesit dhe personit tjetër fizik ose juridik, kurse kërkuesi nuk ka lidhur marrëveshje për qira afatgjatë për tokën me pronarin përkatësisht bashkëpronarin e tokës ose nuk ka parashtruar deklaratë të verifikuar në noter me të cilën pronari përkatësisht bashkëpronari i tokës deklaron se pajtohet të përcaktohet statusi juridik i rrjeteve dhe mjeteve komunikuese elektronike pa leje dhe të njëjtat të regjistrohen në librat publikë për regjistrimin e të drejtave për patundshmëri në emër të kërkuesit, ndërsa në momentin e ndërtimit të rrjeteve dhe mjeteve komunikuese elektronike pa leje, toka në të cilën janë ndërtuar të njëjtat ka qenë pronësi e Republikës së Maqedonisë, kërkuesi krahas dëshmive nga paragrafi (1) i këtij neni, është i obliguar të parashtrojë edhe vërtetim për lëvizje për tokën në të cilën janë ndërtuar rrjetet dhe mjetet komunikuese elektronike pa leje dhe deklaratë të verifikuar në noter, që e jep me përgjegjësi materiale dhe penale, në të cilën do të konfirmojë se cilin vit janë ndërtuar rrjetet dhe mjetet komunikuese elektronike pa leje."

Neni 5

Në nenin 10 pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5) si vijon:

"(5) Nëse deklarata e kërkuesit është dhënë në pajtim me nenin 6 paragrafi (4) i këtij ligji ose deklarata është dhënë në pajtim me nenin 6 paragrafi (6) e këtij ligji është kontestuar para organit kompetent nga ana e shfrytëzuesit të tokës përkatësisht pronarit ose bashkëpronarit të tokës në të cilën është ndërtuar objekti pa leje dhe për këtë është dërguar dëshmi, organi kompetent nga neni (4) i këtij ligji në afat prej dhjetë ditëve të punës nga pranimi i dëshmisë me të cilën konfirmohet se deklarata është kontestuar, miraton konkluzion për ndërprerje të procedurës."

Paragrafi (5) bëhet paragrafi (6).

Në paragrafin (6) i cili bëhet paragrafi (7) pika zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "përkatësisht në rastin nga paragrafi (5) i këtij neni pas parashtrimit të vendimit të plotfuqishëm nga organi kompetent të miratuar në procedurën në të cilën është kontestuar deklarata."

Paragrafi (7) bëhet paragrafi (8).

Neni 6

Në nenin 12 paragrafi (1) në alinenë 4 fjalët: "ose që është bartur nga pronari i mëparshëm por edhe si shfrytëzues në aktzotërimin nuk është evidentuar pronari i mëparshëm ndërsa kërkuesi tokën e shfrytëzon më shumë se 20 vjet," zëvendësohen me fjalët: "ose e cila është bartur nga pronari i mëparshëm por si shfrytëzues në aktzotërimin nuk është evidentuar pronari i mëparshëm ose i tokës që është pronësi e personit tjetër fizik ose juridik ose e cila është në bashkëpronësi të kërkuesit dhe personit tjetër fizik ose juridik, nëse në momentin e ndërtimit të objektit pa leje toka ka qenë pronësi e Republikës së Maqedonisë,".

Neni 7

Në nenin 13 paragrafi (1) në alinenë 4 fjalët: "ndërsa kërkuesi i tokës e shfrytëzon më shumë se 20 vjet përkatësisht më shumë se tre vjet nëse bëhet fjalë për objekt infrastrukturor mbitokësor në linjë pa leje –përçues për energji elektrike që është në funksion të rrjeteve dhe mjeteve komunikuese elektronike për nevojën e rrjetit komunikues publik mobil," shlyhen, ndërsa lidhëza "dhe" në fund të alinesë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "ose i tokës që është pronësi e kërkuesit ose personit tjetër fizik ose juridik ose që është në bashkëpronësi të kërkuesit dhe personit tjetër fizik ose juridik, nëse në momentin e ndërtimit të objektit të ndërtuar pa leje toka ka qenë pronësi e Republikës së Maqedonisë dhe".

Neni 8

Në nenin 14 paragrafi (1) në alinenë 4 fjalët: "ndërsa kërkuesi i tokës e shfrytëzon më gjatë se tre vite" shlyhen, ndërsa pas presjes në fund të alinesë shtohen fjalët: "ose i tokës që është pronësi e personit tjetër fizik ose juridik ose e cila është në bashkëpronësi të kërkuesit dhe personit tjetër fizik ose juridik, nëse në momentin e ndërtimit të objektit të ndërtuar pa leje toka ka qenë pronësi e Republikës së Maqedonisë,".

Neni 9

Në nenin 18 pas paragrafit (9) shtohet paragraf i ri (10), si vijon:

"(10) Paragrafët (6) dhe (7) të këtij neni nuk aplikohen në rastet kur objekti pa leje është ndërtuar në tokë në të cilën në pajtim me dokumentacionin e planit urbanistik në fuqi është paraparë ndërtim i infrastrukturës për komunikacion."

Neni 10

Në nenin 20 pas paragrafit (16) shtohet paragraf i ri (17), si vijon:

"(17) Në konkluzionin për pagimin e kompensimit për përcaktimin e statusit juridik të objektit të ndërtuar pa leje nga paragrafi (1) i këtij neni, nuk përcaktohet afat për pagim të kompensimit."

Neni 11

Në nenin 21 pas paragrafit (10) shtohen dy paragrafë të rinj (11) dhe (12) si vijojnë:

"(11) Në rastet kur është miratuar aktvendim për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje me rëndësi për Republikën, objektit pa leje me rëndësi lokale, objektit pa leje për institucione shëndetësore për mbrojtje shëndetësore primare, sekondare dhe terciale, objektit infrastrukturor në linjë dhe rrjeteve dhe mjeteve komunikuese elektronike, të cilat janë ndërtuar në tokën që është bashkëpronësi e personit tjetër fizik ose juridik përkatësisht tokë e cila është bashkëpronësi e kërkuesit dhe personit tjetër fizik dhe juridik, ndërsa në momentin e ndërtimit të objektit pa leje përkatësisht rrjeteve dhe mjeteve komunikuese elektronike ka qenë pronësi e Republikës së Maqedonisë, aktvendimi që është i plotfuqishëm dhe ekzekutiv, në afat prej 10 ditëve të punës nga plotfuqishmëria publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë" dhe në një gazetë ditore që botohet në gjuhën maqedonase, ndërsa del së paku tre muaj para ditës së publikimit të aktvendimit, ndërsa në komunat përkatësisht komunat e Qytetit të Shkupit në të cilat së paku 20% e qytetarëve flasin gjuhën zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase edhe në një prej gazetave ditore që botohet në gjuhën të cilën e flasin së paku 20% të qytetarëve të cilët flasin gjuhën zyrtare të ndryshme nga gjuha maqedonase, ndërsa del së paku tre muaj para ditës së publikimit të aktvendimit.

Nëse organi kompetent nga paragrafi (2) i këtij neni ka në dispozicion të dhëna për pronarin ose bashkëpronarin e tokës, një ekzemplar i aktvendimit dërgohet edhe te pronari përkatësisht bashkëpronari i tokës.

(12) Shpenzimet për publikim dhe dorëzim të aktvendimit në pajtim me paragrafin (11) të këtij neni janë në ngarkim të kërkuesit për përcaktimin e statusit juridik të objektit të ndërtuar pa leje."

Neni 12

Në nenin 28 në paragrafin (1) në fjalinë hyrëse fjalët: "personit përgjegjës dhe personit zyrtar në" zëvendësohen me fjalët: "personit zyrtar – nëpunës administrativ përgjegjës për zbatimin e procedurës për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje dhe kryetarit të komunës së".

Në paragrafin (2) në fjalinë hyrëse fjalët: "personit përgjegjës dhe personit zyrtar në" zëvendësohen me fjalët: "personit zyrtar – nëpunës administrativ përgjegjës për zbatimin e procedurës për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje dhe ministrit që udhëheq me".

Në paragrafin (3) në fjalinë hyrëse fjalët: "personit përgjegjës dhe personit zyrtar në" zëvendësohen me fjalët: "personit zyrtar – nëpunës administrativ përgjegjës për llogaritjen e kompensimit në Qytetin e Shkupit dhe të kryetarit të komunës së".

Në paragrafin (4) fjalët: "personit përgjegjës në" zëvendësohen me fjalët: "kryetarit të komunës së".

Pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5), si vijon:

"(5) Gjobë në shumë prej 500 deri 1.000 euro në kundërvlerë me denarin do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit zyrtar – nëpunës administrativ përgjegjës për zbatimin e procedurës për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje nëse nuk vepron në pajtim me nenin 21 paragrafi (11) i këtij ligji dhe nuk e publikon aktvendimit e plotfuqishëm për përcaktimin e statusit juridik në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë" dhe gazetat ditore dhe nëse nuk parashtron një ekzemplar të aktvendimit te pronari përkatësisht bashkëpronari i tokës nëse disponon me të dhëna për të njëjtat."

Neni 13

(1) Pronarët përkatësisht bashkëpronarët e tokës ose trashëgimtarët e tyre në të cilën është ndërtuar objekt pa leje për të cilin është miratuar aktvendim për përcaktimin e statusit juridik në dobi të personit tjetër fizik ose juridik, kanë të drejtë të kërkojnë nga pronari i objektit ose trashëgimtarët e vet, t'ua kompensojnë vlerën tregtare të tokës.

(2) Me përjashtim të paragrafit (1) të këtij neni, nëse vlera tregtare e tokës është më e lartë nga vlera tregtare e objektit, ndërkaq nuk bëhet fjalë për objekt banimi ose objekt të interesit publik të caktuar me ligj, pronarët përkatësisht bashkëpronarët e tokës ose trashëgimtarët e tyre, kanë të drejtë të kërkojnë nga pronari i objektit ose trashëgimtarët e tyre, t'ua kompensojnë vlerën tregtare të tokës ose t'u takojë pronësia e objektit, me obligim t'ia kompensojnë vlerën tregtare të objektit pronarit të objektit ose trashëguesve të vet.

(3) Në rastet nga paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni, nëse pronari i objektit ose trashëgimtarët e vet, nuk e kompensojnë vlerën tregtare të tokës, pronarët përkatësisht bashkëpronarët e tokës ose trashëgimtarët e tyre të drejtat mund t'i realizojnë në procedurë gjyqësore para gjykatës kompetente, ndërsa gjatë përcaktimit të vlerës së tokës përkatësisht objektit, merret parasysh çmimi tregtar në momentin e parashtrimit të kërkesës paditëse.

(4) Me përjashtim të paragrafit (3) të këtij neni nëse pronarët përkatësisht bashkëpronarët e tokës ose trashëgimtarët e tyre kërkesën paditëse e parashtrojnë pas kalimit të 20 viteve nga dita e publikimit të aktvendimit për përcaktimit të statusit juridik në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", gjatë përcaktimit të vlerës tregtare të tokës përkatësisht objektit, merret parasysh çmimi tregtar i caktuar në ditën e publikimit të aktvendimit për përcaktimin e statusit juridik në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

(5) Nëse pronarët përkatësisht bashkëpronarët e tokës ose trashëgimtarët e tyre nuk parashtrojnë kërkesë në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni ose paragrafin (2) të këtij neni, pas kalimit të 20 viteve nga dita e publikimit të aktvendimit për përcaktimin e statusit juridik në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", pronari i objekti ose trashëgimtarët e tyre kanë të drejtë në procedurë gjyqësore të fitojnë pronësi mbi tokën në të cilën është ndërtuar objekti.

(6) Në rastet nga paragrafi (5) i këtij neni, pronari i objektit ose trashëgimtarët e tyre, mund të fitojnë të drejtën e pronësisë vetëm mbi tokën e cila është pjesë përbërëse e parcelës ndërtimore në të cilën është ndërtuar objekti për të cilin është miratuar aktvendim për përcaktimin e statusit juridik, përveç nëse nuk i rregullojnë ndryshe marrëdhëniet me pronarët përkatësisht bashkëpronarët e tokës ose trashëgimtarët e tyre.

(7) Me përjashtim të paragrafit (6) të këtij neni në rastet kur në parcelën ndërtimore krahas objektit për të cilin është miratuar aktvendim për përcaktimin e statusit juridik gjendet objekt i pronarit përkatësisht bashkëpronarit të tokës ose trashëgimtarëve të tyre ose është paraparë sipërfaqe për ndërtim në pajtim me dokumentacionin e planit urbanistik, pronari i objekti për të cilin është miratuar aktvendim për përcaktimin e statusit juridik ose trashëgimarët e vet, mund të fitojnë të drejtën për pronësi vetëm të tokës nën objekt.

(8) Dispozitat e këtij neni aplikohen për gjitha llojet e objekteve pa leje për të cilat është miratuar aktvendim për përcaktimin e statusit juridik, ndërsa të cilat janë ndërtuar në tokë që është pronësi e personit tjetër fizik ose juridik ose toka është bashkëpronësi e kërkuesit dhe personit tjetër fizik ose juridik."

Neni 14

(1) Nëse përcaktohet se pas parashtrimit të kërkesës për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje, të drejtë për pronësi ose bashkëpronësi mbi tokën në të cilën është ndërtuar objekti në bazë të aktvendimit për privatizim të tokës ndërtimore ose aktvendim për denacionalizim, ka fituar person fizik ose juridik i cili nuk është parashtrues i kërkesës për përcaktimin e statusit juridik, kurse është miratuar aktvendim për përcaktimin e statusit juridik, organi kompetent parashtron njoftim te parashtruesi i kërkesës për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje, në afat prej 30 ditëve të parashtrojë vërtetim për lëvizje për tokën në të cilën është ndërtuar objekti pa leje dhe deklaratë të verifikuar në noter, që e jep me përgjegjësi materiale dhe penale, në të cilën do të konfirmon se në cilin vit është ndërtuar objekti pa leje.

(2) Nëse parashtruesi i kërkesës për përcaktimin e statusit juridik të objektit të ndërtuar pa leje dërgon vërtetim për lëvizje të tokës në të cilën është ndërtuar objekti pa leje dhe deklaratë të verifikuar në noter, që e jep me përgjegjësi penale dhe materiale, në të cilën do të konfirmon se në cilin vit është ndërtuar objekti pa leje, në afatin e caktuar në paragrafin (1) të këtij neni, aktvendimi për përcaktimin e statusit juridik mbetet në vlefshmëri juridike dhe aplikohen dispozitat nga neni 13 të këtij ligji, kurse në të kundërtën, shfuqizohet aktvendimi për përcaktimin e statusit juridik dhe miratohet aktvendim për ndërprerjen e procedurës për përcaktimin e statusit juridik dhe miratohet konkluzion për ndërprerjen e procedurës në pajtim me nenin 10 paragrafi (1) të Ligjit për veprim me objekte të ndërtuara pa leje ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/12, 115/14, 199/14, 124/15 dhe 129/15).

Neni 15

(1) Poseduesit e objekteve pa leje të përcaktuara në nenin 2 të Ligjit për veprim me objekte të ndërtuara pa leje ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/12, 115/14, 199/14, 124/15 dhe 129/15), të cilët deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, nuk kanë parashtruar kërkesë për përcaktimin e statusit juridik të objektit të ndërtuar pa leje, ndërkaq

objekte në të cilat përfundimisht më 3 mars 2011 janë janë kryer punë ndërtimore dhe të instalimeve në tërësi dhe të njëjtat paraqesin tërësi ndërtimore dhe funksionale, mund të parashtrojnë kërkesë për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje, nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 31 mars 2016.

(2) Kërkuesit që do të parashtrojnë kërkesë për përcaktimin e statusit juridik në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni, duhet të parashtrojnë elaborat gjeodez për përcaktimin e gjendjes faktike të objektit pa leje, më së voni deri më 31 dhjetor 2017.

(3) Kërkuesve të cilët nuk do të parashtrojnë elaborat gjeodezik për përcaktimin e gjendjes faktike të objektit pa leje, në afatin nga paragrafi (2) i këtij neni, organi kompetent do t'ua refuzojë kërkesën për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje.

Neni 16

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për veprim me objektet e ndërtuara pa leje ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 155/12 dhe 44/14) në nenin 24 fjalët: "më së voni deri më 31 dhjetor 2015" zëvendësohen me fjalët: "më së voni deri më 31 dhjetor 2016".

Neni 17

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për veprim me objekte të ndërtuara pa leje ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 124/15) në nenin 12 në paragrafin (1) fjalët: "më së voni deri më 31 dhjetor 2015" zëvendësohen me fjalët: "më së voni deri më 31 mars 2016", kurse në paragrafin (2) fjalët: "më së voni deri më 31 dhjetor 2016" zëvendësohen me fjalët: "më së voni deri më 31 dhjetor 2017."

Neni 18

Procedurat për përcaktimin e statusit juridik të objektit pa leje të cilat kanë filluar deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të vazhdojnë në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

Neni 19

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për veprim me objekte të ndërtuara pa leje.

Neni 20

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

5985.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за градење,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 декември 2015 година.

Бр. 08-5764/1
9 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14 и 44/15), во членот 19 став (2) се менува и гласи:

„Надзорниот инженер може да побара да се извршат измени на одделни делови од проектот."

Ставот (3) се менува и гласи:

„Во случаите од ставот (2) на овој член, се спроведува постапка за измени во текот на изградбата согласно со членот 69 од овој закон."

Член 2

Во членот 51 став (2) по зборовите: „лиценца за проектирање" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 3

Во членот 59 став (2) алинеја 1 точката и запирката на крајот од алинејата се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „односно проект за инфраструктура, доколку барањето се однесува за линиски инфраструктурни градби;".

Ставот (5) се менува и гласи:

„Доколку е поднесено барање за одобрение за градење за градби за производство на електрична и топлинска енергија за кои согласно со прописите за енергетика е предвидено овластување за изградба на овој вид на објекти, покрај доказите од членот (2) од овој закон се доставува и овластување за изградба на градби за производство на електрична и топлинска енергија издадено од надлежен орган."

Член 4

Во членот 67 став (5) во втората реченица, точката на крајот од ставот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен во случаите кога предмет на изградба е градба од јавен интерес утврден со закон".

По ставот (5) се додаваат два нови ставови (6) и (7), кои гласат:

"(6) Советите на општините на градот Скопје, одлуката од ставот (5) на овој член ја донесуваат по претходно позитивно мислење од градот Скопје.

(7) Одлуката од ставот (5) на овој член не се применува за градби од јавен интерес утврден со закон."

Ставот (6) станува став (8).

Во ставот (7) кој станува став (9) зборовите: „ставот (6)" се заменуваат со зборовите: „ставот (8)".

Во ставот (8) кој станува став (10) зборовите: „ставот (6)" се заменуваат со зборовите: „ставот (8)".

Ставот (9) станува став (11).

Член 5

Во членот 69 став (1) во втората реченица зборовите: „и само оние мислења и согласности чие прибавување произлегува од бараната измена" се заменуваат со зборовите: „до надлежниот орган од членот 58 од овој закон кој го издал одобрението за градење".

Ставот (2) се менува и гласи:

„Надлежниот орган од членот 58 од овој закон е должен во рок од 15 дена од приемот на барањето од ставот (1) на овој член, да прибави мислења и согласности од субјектите од членот 59-в од овој закон, чие прибавување произлегува од бараната измена и да утврди дали се исполнети законските услови за измени во текот на изградбата утврдени во ставот (1) на овој член при што доколку утврди дека истите се исполнети, прибавени се потребните мислења и согласности

од субјектите од членот 59-в од овој закон, донесува решение со кое се одобруваат измените во текот на изградбата и го заверува дополнувањето на основниот проект.“

Во ставот (3) точката на крајот од ставот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „или доставено е негативно мислење, односно не е дадена согласност од страна на субјектите од членот 59-в од овој закон“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Доколку со предложените измени се предвидува и нова корисна површина на предметната градба, инвеститорот е должен пред издавање на решението со кое се одобруваат измените да плати надоместок за уредување на градежно земјиште за новата корисна површина.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„Решението за измени во тек на изградба е составен дел на одобрението за градење, а при одобрување на измени во текот на изградбата проектот на изведена состојба се изработува согласно со дополнетиот основен проект.“

Во ставот (6) во втората реченица зборовите: „заради предбележување“ се заменуваат со зборовите: „заради запишување“, а во третата реченица зборот „прибележување“ се заменува со зборот „запишување“.

Член 6

Во членот 70 став (1) зборовите: „во рок од 15 дена од настанатата промена,“ се бришат.

Член 7

Во членот 72 став (1) во втората реченица по зборот „Инвеститорот“ се додаваат зборовите: „или изведувачот“.

Член 8

Во членот 73 став (4) по зборовите: „односно друга меѓународна организација,“ се додаваат зборовите: „како и за привремени градби за сместување на работници при изградба на линиски инфраструктурни објекти од прва категорија од членот 57 од овој закон,“.

Член 9

Во членот 74 став (2) по зборовите: „односно друга меѓународна организација,“ се додаваат зборовите: „како и за привремени градби за сместување на работници при изградба на линиски инфраструктурни објекти од прва категорија од членот 57 од овој закон,“.

Во ставот (7) по зборовите: „оптички кабли,“ се додаваат зборовите: „оптички кабли со кабелска канализација и кабелска канализација за оптички кабли,“ а зборовите: „кое е правосилно и извршно, претставува правен основ за запишување на правото на сопственост на опремата во јавната книга за запишување на правата на недвижности“ се заменуваат со зборовите: „кое е правосилно, претставува правен основ за прибележување, предбележување и укнижување на правото на сопственост на градбата, односно опремата во јавната книга за запишување на правата на недвижности.“

По ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11), кои гласат:

„(10) Доколку за градбите, односно опремата од членот 73 од овој закон е предвидено плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште согласно со Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, инвеститорот е должен да го плати надоместокот пред издавање на решението за изведување на градбите, односно поставување на опремата.

(11) Инвеститорот може да започне со изградба на градбата, односно поставување на опремата од членот 73 од овој закон врз основа на правосилно решение за изведување на градбата, односно поставување на опремата од членот 73 од овој закон, а по исклучок на сопствена одговорност и ризик инвеститорот може да започне со изградба и врз основа на конечно решение.“

Член 10

Членот 129 се менува и гласи:

“(1) Градежниот и овластениот градежен инспектор имаат службена легитимација.

(2) Службената легитимација од ставот (1) на овој член за градежниот инспектор ја издава директорот на инспекторатот, а за овластениот градежен инспектор ја издава градоначалникот на општината, односно општината на градот Скопје.

(3) Службената легитимација има важност од шест години.

(4) По истекот на важноста градежниот инспектор е должен да ја врати легитимација на директорот на инспекторатот, а овластениот градежен инспектор на градоначалникот на општината, односно општината на градот Скопје, кои се должни да издадат нова.

(5) Формата и содржината на обрасците на легитимацијата од ставот (1) на овој член, начинот на нејзиното издавање и одземање и изгледот на знакот, за градежниот инспектор, на предлог на директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, а за овластениот градежен инспектор ги пропишува градоначалникот на општината, односно општината на градот Скопје.“

Член 11

Одредбите од членот 5 од овој закон се применуваат и при спроведување на постапките за измени во текот на изградбата за градбите за кои е издадено одобрение за градење согласно со Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14 и 44/15).

Член 12

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за градење.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR NDËRTIM

Neni 1

- mënyrën e kryerjes së mbikëqyrjes nga ana e përfaqësisë diplomatike konsullore të Republikës së Maqedonisë.

Neni 37-v

Zgjedhjen e dhënësit të jashtëm të shërbimeve e kryen Ministria Punëve të Jashtme në bazë të thirrjes publike ose në bazë të interesit të shprehur për bashkëpunim nga ana e dhënësit të jashtëm të shërbimeve.

Thirrja publike nga paragrafi 1 të këtij neni publikohet në faqen e internetit të Ministrisë së Punëve të Jashtme, respektivisht përfaqësive diplomatike konsullore të Republikës së Maqedonisë, me afat prej më së paku 15 ditë pune për dorëzimin e dokumentacionit.

Për shërbimin e kryer dhënësi i jashtëm i shërbimit ka të drejtë të kompensimit i cili arkëtohet nga kërkuesi i shërbimit.

Lartësia e kompensimit nga paragrafi 3 të këtij neni nuk mund të jetë më e lartë nga gjysma e kompensimit për taksë për vizë të përcaktuar me ligj të veçantë.

Mënyra për zgjedhjen e dhënësit të jashtëm të shërbimeve do të përcaktohet në dispozitë të veçantë, që do ta miratojë ministri i Punëve të Jashtme.

Neni 37-g

Përfaqësia diplomatike konsullore siguron trajnim profesional të dhënësve të jashtëm të shërbimeve dhe kryen mbikëqyrje mbi zbatimin e marrëveshjes nga neni 97-b me zgjedhje të rastit në hapësirat e dhënësit të jashtëm të shërbimit."

Neni 5

Në nenin 40 paragrafi 3 në kllapa pas fjalëve: “personat juridikë" vihet presje dhe shtohen fjalët: “si dhe organet shtetërore dhe institucionet tjera".

Neni 6

Në nenin 49 paragrafi 1 alineja 1 ndryshohet si vijon:

"-punë".

Pas alinesë 5 shtohet aline e re 6, si vijon:

"- vendosje në institucionet për vendosjen e personave të moshuar,".

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Leja për qëndrim të përkohshëm nga paragrafi 1 alineja 1 e këtij neni paraqet leje të vetme për punë dhe qëndrim të të huajit të cilit i lëshohet."

Në paragrafin 2 i cili bëhet paragraf 3 në fjalinë hyrëse pas fjalës "Republika e Maqedonisë" vihet presje dhe shtohen fjalët: “përveç lejes nga paragrafi 1 alineja 1 të këtij neni".

Pas paragrafit 3 i cili bëhet paragrafi 4 shtohet paragraf i ri 5, si vijon:

"Leja për qëndrim të përkohshëm për punë nuk do t’u lëshohet të huajve që ofrojnë shërbime në bazë të regjistrimit të punës në pajtim me ligjin."

Paragrafi 4 bëhet paragrafi 6.

Neni 7

Në nenin 51 në paragrafin 3 pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: “ose deri tek dhënësit e jashtëm të shërbimeve.".

Neni 8

Neni 51-a shlyhet.

Neni 9

Në nenin 54 në paragrafin 1 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: “ në afat prej 30 ditëve.".

Pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Aktvendimin me të cilin lejohet qëndrimi i përkohshëm për punë në pajtim me nenin 58 të këtij ligji, Ministria e Punëve të Brendshme e lëshon në afat prej 15 ditëve nga dita e pranimit të kërkesës, nëse kërkesa është dorëzuar në Ministrinë e Punëve të Brendshme, respektivisht në afat prej 30 ditëve nga dita e pranimit të kërkesës, nëse kërkesa është paraqitur në përfaqësinë diplomatike konsullore të Republikës së Maqedonisë jashtë vendit ose për dhënësit e jashtëm të shërbimeve në pajtim me nenin 51 paragrafi 3 të këtij ligji."

Paragrafët 2 dhe 3 bëhen paragrafë 3 dhe 4.

Neni 10

Në nenin 57 në paragrafin 1 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "përveç në raste të përcaktuara me këtë ligj".

Neni 11

Në pjesën II. 2. "Leja për qëndrim të përkohshëm për shkaqe të ndryshime", titulli i pikës a) dhe neni 58 ndryshohet si vijon:

a) "leja për qëndrim të përkohshëm për punë

Neni 58

Leja për qëndrim të përkohshëm për punë do të lëshohet në bazë të kërkesës së të huajit, personit juridik me të cilën i huaji duhet të lidh marrëveshje për punësim ose përfaqësuesit të tij të autorizuar, që mund të dorëzohet edhe në Ministrinë e Punëve të Brendshme të Republikës së Maqedonisë.

Leja për qëndrim të përkohshëm për punë mund t'i lëshohet të huajit nëse Agjencia e Punësimit e Republikës së Maqedonisë lëshon mendim pozitiv se i huaji i plotëson kushtet në pajtim me ligj, nëse me marrëveshje të ratifikuar ndërkombëtare nuk është e përcaktuar ndryshe.

Mendimin nga paragrafi 2 të këtij neni Ministria e Punëve të Brendshme e siguron me detyrë zyrtare në pajtim me ligjin.

Agjencia e Punësimit e Republikës së Maqedonisë është e obliguar ta dorëzojë mendimin nga paragrafi 2 i këtij neni në Ministrinë e Punëve të Brendshme në afat prej pesë ditëve të punës.

Nëse Agjencia e Punësimit e Republikës së Maqedonisë nuk vepron në afatin e paragrafit 4 të këtij do të llogaritet se mendimi është pozitiv.

Të huajit të cili i është dhënë leje për qëndrim të përkohshëm për punë në Republikën e Maqedonisë mund ta kryejë vetëm punën për të cilën i është dhënë leja.

Puna në kuptimin e paragrafit 6 të këtij neni i referohet punësimit, punësimit sezonale dhe punës së të huajit i cili është punëtor i dërguar.

Leja për qëndrim të përkohshëm për punë lëshohet për periudhën për të cilën është lëshuar mendimi pozitiv nga Agjencia e Punësimit të Republikës së Maqedonisë dhe e njëjta mund të vazhdohet nëse plotësohen kushte e përcaktuara në nenin 57 paragrafi 2 të këtij ligji.

Nëse leja për qëndrim të përkohshëm për punë lëshohet në pajtim me mendimin e Agjencisë për Punësim të Republikës së Maqedonisë që në pajtim me paragrafin 5 të këtij neni llogaritet si pozitiv, e njëjta do të lëshohet për periudhën që i huaji e ka cekur në kërkesë, por jo më të gjatë se një vit.

Aktvendimi me të cilin lejohet qëndrim i përkohshëm për punë, në pajtim me paragrafin 1 të këtij neni, me përjashtim të nenit 53 paragrafi 2 i këtij ligji mund të lëshohet edhe në Ministrinë e Punëve të Brendshme."

Neni 12

Pas nenit 70 shtohet pika e re gj-1), dhe dy tituj të rinj dhe dy nene të reja 70-a dhe 70-b, si vijojnë:

"gj-1) leja për qëndrim të përkohshëm për vendosje në institucione për vendosjen e personave të moshuar

Kushtet për dhënien e lejes

Neni 70-a

Leje për qëndrim të përkohshëm për vendosje në institucion për vendosjen e personave të moshuar mund t'i jepet nëse i huaji është më i vjetër se 60 vjet jetë dhe ka lidh marrëveshje me institucionin për mbrojtje sociale të personave të moshuar në Republikën e Maqedonisë që do ta marrë edhe përgjegjësinë financiare për harxhimet në rast të vdekjes së tij.

Me përjashtim të paragrafit 1 të këtij neni, në rast kur i huaji nuk i ka mbushur 60 vjet të jetës, krahas provave për plotësimin e kushteve nga paragrafi 1 i këtij neni kërkesës ia bashkëngjit dhe dokumentacionin shëndetësor përkatës të lëshuar nga vendi shtetas i cilit është, për nevojën e vendosjes së tij në institucionin për vendosjen e personave të moshuar.

Kohëzgjatja e lejes

Neni 70-b

Leje për qëndrim të përkohshëm për vendosje në institucion për vendosjen e personave të moshuar jepet për periudhën deri një vit dhe e njëjta mund të vazhdohet nëse janë plotësuar kushtet e përcaktuara në nenin 57 të këtij ligji.

Pas skadimit të marrëveshjes nga neni 70-a paragrafi 1 i këtij ligji ose në rast të prishjes së saj të parakohshme i huaji është i obliguar ta lëshojë territorin e Republikës së Maqedonisë."

Neni 13

Në nenin 71 fjalët: "leje për qëndrim të përkohshëm të lëshuar për punësim, punë, të personave të punësuar në mënyrë të pavarur" zëvendësohen me fjalët: "leje për qëndrim të përkohshëm për punë".

Neni 14

Në nenin 81 në paragrafin 7 pas fjalëve: "Ministria e Punëve të Brendshme" shtohen fjalët: "në afat prej 30 ditëve".

Neni 15

Në nenin 84 në paragrafin 1 pas alinesë 8 shtohet aline e re 9, si vijon:

"- i është lejuar qëndrim i përkohshëm për punë, ndërsa nuk ka arritur të lidhë marrëveshje për punësim me person juridik ose marrëveshja për punësim i është shfuqizuar para skadimit të vlefshmërisë së lejes së lëshuar për qëndrim të përkohshëm për punë, ose nëse i huaji ka filluar të kryejë punë të ndryshme nga puna për të cilën i është dhënë leja për qëndrim të përkohshëm për punë, për çfarë Agjencia për punësim dorëzon njoftim në Ministrinë e Punëve të Brendshme,".

Neni 16

Në nenin 85 në paragrafin 1 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët "në afat prej 30 ditësh.".

Neni 17

Në nenin 87 në paragrafin 4 fjalët: “leje për qëndrim të përhershëm për punësim, punë ose persona të punësuar në mënyrë të pavarur" zëvendësohen me fjalët: “leje për qëndrim të përhershëm për punë".

Neni 18

Në nenin 90 në paragrafin 3 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: “në afat prej 30 ditësh.".

Neni 19

Në nenin 92 në paragrafin 1 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: “në afat prej 30 ditësh.".

Neni 20

Në nenin 103 në paragrafin 1 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: “në afat prej 30 ditësh.".

Neni 21

Në nenin 108 në paragrafin 3 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: “në afat prej 30 ditësh.".

Neni 22

Në nenin 118 në paragrafin 4 pas fjalës “aktvendim" shtohen fjalët: “në afat prej 30 ditëve".

Neni 23

Në nenin 126 në paragrafin 2 pas fjalëve: “Ministria e Punëve të Brendshme" shtohen fjalët: “në afat prej 30 ditëve".

Neni 24

Pas nenit 145 shtohet nen i ri 145-a, si vijon:

"Neni 145-a

Ministria e Punës dhe Politikës Sociale do të miratojë rregull nënligjore për mënyrën e lëshimit të mendimit nga neni 58 paragrafi 2 i këtij ligji."

Neni 25

Pas nenit 150-a shtohet nen i ri 150-b, si vijon:

"Neni 150-b

Gjobë në shumë prej 25 deri 50 euro në kundërvlerë me denarë i shqiptohet për kundërvajtje personit zyrtar në Ministrinë e Punëve të Brendshme i cili nuk do të lëshojë aktvendim në pajtim me dispozitat e neneve 24 paragrafi 1, 54 paragrafët 1 dhe 2, 81 paragrafi 7, 85 paragrafi 1, 90 paragrafi 3, 92 paragrafi 1, 103 paragrafi 1, 108 paragrafi 3, 118 paragrafi 4 dhe 126 paragrafi 2 të këtij ligji."

Neni 26

Rregullat nënligjore të parapara me këtë ligj do të miratohen në afat prej tre muajve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 27

Procedurat e filluara deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji do të përfundojnë në pajtim me dispozitat e Ligjit për të huajt ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 35/2006, 66/2007, 117/2008, 92/2009, 156/10, 158/11, 84/12, 13/13, 147/13 dhe 148/15).

Neni 28

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet pas gjashtë muajve nga dita e hyrjes në fuqi, përveç dispozitave të neneve 1, 9, 14, 16, 18, 19, 20, 21, 22, 23 dhe 25 që do të fillojnë të zbatohen nga dita e fillimit të zbatimit të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative.

5990.

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 10 декември 2015 година, даде

АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОТ 460 СТАВ 3 ОД ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14 и 88/15)

Ставот 3 на членот 460 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2004, 85/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14 и 88/15), гласи:

„Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас и тоа ако:

1) вредноста на имотот на којшто се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот;

2) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на друштвото, преостанати во тој период и обичните акции во кои може да се конвертираат хартии од вредност претходно издадени во серии и кои можат да бидат конвертирани во акции или

3) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертибилни обврзници, што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на друштвото и ако во исто време, претходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции.“

Одредбата на ставот 3 на членот 460 треба да се толкува така што потребното мнозинство за донесување одлука на Собранието за одобрување зделка со заинтересирана страна се однесува на мнозинството гласови на сите акционери, претставени во собранието, кои немаат интерес во зделката, а кои поседуваат акции со право на глас, но само доколку е исполнет еден од условите утврдени во ставот 3 на овој член.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-5801/1
10 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Трајко Вељаноски,с.р.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

5991.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 и член 1-а од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и 12/2009), Претседателот на Република Македонија, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободи од извршување на изречената казна затвор во траење од 1 година осуденото лице:

1. Дарко Злате Мицевски, од Скопје.

II

Потполно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. Артан Хузри Елези од Скопје,
2. Адем Кариман Себастијан, од Скопје,
3. Душан Тихомир Ѓорѓевиќ, од Скопје,
4. Зоран Ѓорѓија Велковски, од Скопје,
5. Зора Павле Јованова, од Кочани.

III

Извршувањето на изречената казна затвор му се замени со условна осуда за време од 1 година на осуденото лице:

1. Евзи Асип Арифи од с.Матејче, во траење од 4 месеци.

IV

Извршувањето на изречената казна затвор им се замени со условна осуда за време од 3 години на осудените лица:

1. Јонузи Џулнеар Неби од с.Горна Бањица, во траење од 1 година,
2. Горан Мите Андреевски од с.Езерени, Ресен, во траење од 3 месеци,
3. Фатмир Зулфи Саити од с.Романовце, Куманово, во траење од 6 месеци,
4. Петре Влатко Манев од Велес, во траење од 6 месеци,
5. Тони Томе Софраниески од Гостивар, во траење од 1 година,
6. Горанчо Кирил Стојановски од Кочани, во траење од 1 година,
7. Јани Коста Икономовски од Ресен, во траење од 1 година.

V

Делумно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. Драгица Митре Ѓорѓевска од Скопје, во траење од 6 месеци,
2. Цветан Јосиф Јосифовски од Кичево, во траење од 6 месеци,
3. Рабит Рустем Дибрани од Скопје, во траење од 6 месеци,
4. Селман Јусуф Белули од с.Бојане, Скопје, во траење од 6 месеци,
5. Христос Борис Поповски од Скопје, во траење од 6 месеци,
6. Фазлија Алија Колиќ од Скопје, во траење од 6 месеци,
7. Арменд Абдураман Реџа од Тетово, во траење од 3 месеци,
8. Дејан Љубомир Живиќ од Скопје, во траење од 4 месеци,
9. Иле Стефчо Цанев од Пробиштип, во траење од 6 месеци,
10. Илчо Боре Десподовски од с.Драмче, Делчево, во траење од 6 месеци,
11. Хаљит Ѓемшит Љамалар од Скопје, во траење од 6 месеци,
12. Афрм Јакуп Пајазитов од с.Г.Јаболчиште, Општина Чашка, во траење од 6 месеци,
13. Бобан Васил Варелов од с.Волково, Скопје, во траење од 3 месеци,
14. Бошко Трпко Масовски од Тетово, во траење од 6 месеци,
15. Владо Михаило Петров од Виница, во траење од 3 месеци,
16. Мухамед Кадри Пајазити од Скопје, во траење од 6 месеци,
17. Садик Марем Фазлиов од Градско, во траење од 3 месеци,
18. Сејди Рафис Небиовски од с.Арачиново, Скопје, во траење од 6 месеци,
19. Али Фазли Кадрија, од с.Никуштак, во траење од 3 месеци.

VI

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-1750/1
9 декември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

5992.

Врз основа на член 257 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/05, 73/06, 40/07, 62/07, 42/09, 48/09, 38/10, 46/10, 61/10, 141/11, 147/11, 158/11, 14/12, 2/13, 92/13, 177/13, 62/15 и 111/15) во член 34 во ставот (1) зборовите „издава Стопанската комора на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „издаваат Стопанските комори во Република Македонија, регистрирани согласно закон“.

Член 2

Во членот 35 зборовите „Стопанската комора на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Стопанските комори во Република Македонија, регистрирани согласно закон“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-12309/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

5993.

Врз основа на член 86 став 3 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14 и 61/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА ИЗРАЕЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО СКОПЈЕ

Член 1

Израел отвора Почесен конзулат во Република Македонија, со седиште во Скопје.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 164/1
7 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

5994.

Врз основа на член 93 став 3 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14 и 61/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА ИЗРАЕЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО СКОПЈЕ

Член 1

Се дава согласност Шумковски Градимир да се именува за Почесен конзул на Израел во Република Македонија, со седиште во Скопје .

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 165/1
7 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

5995.

Врз основа на член 6 став (1) од Законот за спортска академија („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/14 и 129/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОСНОВАЊЕ НА СПОРТСКА АКАДЕМИЈА ВО СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се основа Спортска академија во Скопје, како државно средно училиште.

Член 2

Во Спортската академија од член 1 од оваа одлука ќе се организираат и реализираат планови и програми за гимназиско образование, согласно Законот за средното образование и Законот за спортска академија.

Член 3

Потребниот наставен кадар и истакнати спортски стручњаци од соодветната спортска област - тренери на ученици кои ќе изведуват настава во Спортска академија од член 1 од оваа одлука и стручните соработници, се согласно нормативот за наставен кадар во средното образование и Законот за спортска академија.

Член 4

Потребната опрема за реализација на наставата во Спортската академија од член 1 од оваа одлука е согласно нормативите и стандардите за вршење на дејноста.

Член 5

Спортската академија од член 1 од оваа одлука е со седиште во објектот на Државното училиште за физичка култура „Методи Митевски Брицо“ во Скопје на ул.„Железничка“ бб, Скопје.

Член 6

Во Спортската академија наставата ќе се реализира во Државното училиште за физичка култура „Методи Митевски Брицо“ во Скопје со дисперзирани паралелки просторно сместени во:

- СОУ Гимназија „Коцо Рацин“ во Велес;
- СОУ „Гостивар“ во Гостивар;
- ОУТУ „Ванчо Питошески“ во Охрид;
- СОУ „Коле Нехтенин“во Штип;
- СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ во Прилеп;
- СОУ „Никола Карев“ во Струмица;
- СОУ „Кузман Шапкарев“ во Битола;
- СОЗШУ „Ѓорче Петров“во Кавадарци;
- СОСУ „Моша Пијаде“ во Тетово.

Член 7

Учениците кои ја следат наставата за фудбал, ракомет, кошарка и тенис во ДУФК „Методија Митевски Брицо“ - Скопје, СОУ „Кузман Шапкарев“ - Битола, СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ - Велес, СОУ „Гостивар“ - Гостивар, ОУТУ „Ванчо Питошевски“ - Охрид, СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ - Прилеп, СОУ „Коле Нехтенин“ - Штип и СОУ „Никола Карев“ - Струмица, ќе ја продолжат наставата во Спортската академија од член 1 од оваа одлука.

Член 8

Бројот на паралелки во учебната 2015/2016 година ќе изнесува: 19 паралелки за реализација на настава по спортот фудбал, 15 паралелки за реализација на настава по спортот ракомет, шест паралелки за реализација на настава по спортот кошарка и четири паралелки за реализација на наставата по спортот тенис, додека за наредните учебни години бројот на паралелките ќе биде предвиден во Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во Република Македонија, за секоја учебна година.

Член 9

Програмата за воспитно-образовната дејност на Спортската академија од член 1 од оваа одлука е соодветна на програмата за спортска гимназија – паралелки за фудбал, кошарка, ракомет и тенис, која се реализира во јавните средни училишта.

Член 10

За вршител на должноста директор на Спортската академија од член 1 од оваа одлука се именува Дејан Јовановски, кој ќе ги изврши подготовките за почеток со работа на Спортската академија.

Член 11

Спортската академија од член 1 од оваа одлука ќе отпочне со работа, по добивање на решение за верификација од Министерството за образование и наука.

Член 12

Средствата за финансирање на Спортската академија се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Член 13

Училишниот одбор на Спортската академија од член 1 од оваа одлука ќе се конституира во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Училишниот одбор на Спортската академија од член 1 од оваа одлука ќе го распише јавниот оглас за избор на директор на Спортската академија во рок од 10 дена од денот на неговото конституирање.

Член 14

Статутот на Спортската академија од член 1 од оваа одлука Училишниот одбор ќе го донесе во рок од 10 дена од денот на неговото конституирање.

Член 15

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-8316/1
7 декември 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

5996.

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14 и 196/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на недвижна ствар број 19-2249/1, од 17.04.2007 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/07).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11300/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

5997.

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 1.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат работите на премерот во функција за запишување на недвижностите сопственост на Република Македонија и тоа премер и изработка на Геодетски елаборат за објектите работилница и магацин изградени на КП.бр.648/2 на место викано „Село“, под објект во површина од 129м2, ИЛ.бр.1155, КО Непроштено.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11545/1
1 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

5998.

Врз основа на член 37 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15 и 148/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДАЖБА НА ОДЗЕМЕН НЕДВИЖЕН ИМОТ

Член 1

Да се изврши продажба на одземен недвижен имот и тоа на:

- недвижност (куќа) на ул. „Кеј 13-ти Ноември“, објект со вкупна површина од 139 м2, од кои 66 м2 зпз, 67м2 дм и 6м2 зпз, како и стан од 47 м2 со помошни простории 42 м2, и помошна просторија од 4м2 запишани во Имотен лист бр.6900 за КО Центар, на КП 12268 во сопственост на Република Македонија 1/3 идеален дел.

Член 2

Продажбата на одземениот недвижен имот од член 1 од оваа одлука, да се изврши со јавно наддавање по електронски пат, со почетна продажна цена утврдена согласно проценката на Министерството за правда – Бирото за судски вештачења СВ V 54/15-3 од 10.7.2015 година, во вредност од 1.859.342,17 денари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11562/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

5999.

Врз основа на член 37 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15 и 148/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДАЖБА НА ОДЗЕМЕН НЕДВИЖЕН ИМОТ

Член 1

Да се изврши продажба на одземен недвижен имот и тоа на:

- стан на ул.Коце Металец бр.13 а, објект со вкупна површина од 112м2 од кои 83м2 стан во семејна зграда, а 29м2 помошни простории и земјиште во вкупна површина од 417м2 од кои 114м2 под зграда запишан во Имотен лист бр.230 за КО Гази Баба , на КП 651 во сопственост на Република Македонија на 1/2 идеален дел.

Член 2

Продажбата на одземениот недвижен имот од член 1 од оваа одлука, да се изврши со јавно наддавање по електронски пат, со почетна продажна цена утврдена согласно проценката на Министерството за правда – Бирото за судски вештачења СВ V 54/15-11 од 20.7.2015 година во износ од 3.136.875,00 денари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11562/2
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

6000.

Врз основа на член 37 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15 и 148/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДАЖБА НА ОДЗЕМЕН НЕДВИЖЕН ИМОТ

Член 1

Да се изврши продажба на одземен недвижен имот и тоа на:

- стан на ул.Желево 5/1-3 ,број на зграда 1, влез 001, кат ПР, број 003, во површина од 50 м2 и помошни простории од 8 м2 запишан во Имотен лист бр.12399 за КО Карпош, на КП 796 во сопственост на Република Македонија.

Член 2

Продажбата на одземениот недвижен имот од член 1 од оваа одлука, да се изврши со јавно наддавање по електронски пат, со почетна продажна цена утврдена согласно проценката на Министерството за правда – Бирото за судски вештачења СВ V54/2015-7 од 20. 7.2015 година во вредност од 2.568.855,00 денари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11562/3
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

6001.

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија се даваат на трајно користење, без надомест, недвижни ствари - деловни простории во зграда 1, приземје со површина од 64 м2 од вкупно 827 м 2 и во зграда 2, мезанин со површина од 62 м2, кои се наоѓаат на ул.„Кеј Димитар Влахов“ бр.4, КП бр.9521, КО Центар 1, Скопје, запишани во Имотен лист број 9099, сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-11600/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

6002.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија”, бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари:

	Вид на опрема	Модел	Производител	Количина
1	Хируршки аспиратор на централен вакум – намонет за аспирирање на операциона сала	Variovac OR Rail	Дрегер	1
2	Триаглеста камера	TruVidia HD7500	Трумф	1

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-11617/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

6003.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија”, бр.78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, .на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ГРАДСКА ОПШТА БОЛНИЦА „8-МИ СЕПТЕМВРИ“ - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движна ствар:

Реден број	Вид на опрема	Производител	Модел	Количина
1	Ангиографски систем со дигитален детектор за кардиолошки дијагностички и интервентни процедури	Шимаду	Trinias F12 (MH-300) Standard	1

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-11618/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

6004.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија”, бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТОРАКАЛНА И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари:

	Вид на опрема	Модел	Производител	Количина
1	Уред за следење на интегритетот на нервите при хируршки операции	NIM RESPONSE 3.0	Медтроник	1
2	Васкуларни пинцети со должина 150мм со дебелина на врв 1,5мм	Dimeda	Димеда Интрумент	6
3	Васкуларни пинцети со должина 200мм со дебелина на врв 1,5мм	Dimeda	Димеда Интрумент	5
4	Васкуларни пинцети со должина 240мм со дебелина на врв 1,5мм	Dimeda	Димеда Интрумент	5
5	Васкуларни пинцети со должина 300мм со дебелина на врв 1,5мм	Dimeda	Димеда Интрумент	3
6	Васкуларни пинцети со должина 150мм со дебелина на врв 2,8мм	Dimeda	Димеда Интрумент	6
7	Васкуларни пинцети со должина 200мм со дебелина на врв 2,8мм	Dimeda	Димеда Интрумент	5
8	Васкуларни пинцети со должина 240мм со дебелина на врв 2,8мм	Dimeda	Димеда Интрумент	5
9	Васкуларни пинцети со должина 195мм со дебелина на врв 2мм	Dimeda	Димеда Интрумент	5
10	Васкуларни пинцети со должина 150мм со дебелина на врв 2мм	Dimeda	Димеда Интрумент	5
11	Атомски пинцети – стандардни должина 130мм	Dimeda	Димеда Интрумент	15
12	Атомски пинцети – стандардни должина 180мм	Dimeda	Димеда Интрумент	10
13	Атомски пинцети – стандардни должина 200мм	Dimeda	Димеда Интрумент	10
14	Атомски пинцети – стандардни должина 250мм	Dimeda	Димеда Интрумент	10
15	Атомски пинцети – стандардни должина 300мм	Dimeda	Димеда Интрумент	5
16	Ножици за препарирање – должина 260мм	Dimeda	Димеда Интрумент	15
17	Ножици за препарирање – должина 230мм	Dimeda	Димеда Интрумент	15
18	Ножици за препарирање – должина 180мм	Dimeda	Димеда Интрумент	15
19	Иглодржачи – должина 180мм со дебелина на врв 0,4мм	Dimeda	Димеда Интрумент	15
20	Иглодржачи – должина 150мм со дебелина на врв 0,4мм	Dimeda	Димеда Интрумент	10
21	Иглодржачи – должина 230мм со дебелина на врв 0,4мм	Dimeda	Димеда Интрумент	5
22	Иглодржачи – должина 185мм со дебелина на врв 0,5мм	Dimeda	Димеда Интрумент	10
23	Иглодржачи – должина 200мм со дебелина на врв 0,5мм	Dimeda	Димеда Интрумент	5

24	Васкуларни атрауматски клеми аголни – должина 125мм со агол 45 степени и должина на крак 40мм	Dimeda	Димеда Интрумент	6
25	Васкуларни атрауматски клеми аголни – должина 120мм со агол 30 степени и должина на крак 33мм	Dimeda	Димеда Интрумент	6
26	Васкуларни атрауматски тангенционални клеми – должина 220мм со тангенциона должина од врв до крак 54мм	Dimeda	Димеда Интрумент	4
27	Васкуларни атрауматски тангенционални клеми – должина 280мм со тангенциона должина од врв до крак 75мм	Dimeda	Димеда Интрумент	4
28	Аголни васкуларни клеми – должина 180мм со агол 60 степени и должина на крак 65мм	Dimeda	Димеда Интрумент	6
29	Аголни васкуларни клеми – должина 190мм со агол 30 степени и должина на крак 65мм	Dimeda	Димеда Интрумент	6
30	Инструмент за препарирање и десекција – должина 240мм со завиткани краци и дупчиња на двата крака	Dimeda	Димеда Интрумент	4
31	Инструмент за препарирање и десекција – должина 245мм со благо завиткан врв и дупчиња на двата крака	Dimeda	Димеда Интрумент	4
32	Сет сонди за извлекување на вени – дијаметар 9мм	Dimeda	Димеда Интрумент	3
33	Метален аспиратор – должина 225 со дијаметар на оливата од 6,5-9,5мм	Dimeda	Димеда Интрумент	4
34	Ретрактор автоматски по адсон или еквивалент – запци 5мм и зглоб на прекршување – должина 320мм	Dimeda	Димеда Интрумент	5
35	Микроиглодржачи рачен со закопчување – прав 0,2мм обложеност на врвот за специјални игли – должина 145мм	Dimeda	Димеда Интрумент	3
36	Микроиглодржачи рачен со закопчување – прав 0,2мм обложеност на врвот за специјални игли – должина 170мм	Dimeda	Димеда Интрумент	3
37	Пеани хемостатски за препарирање и лигатури со тенок врв од 2 мм и заоблени краци – должина 150мм	Dimeda	Димеда Интрумент	20
38	Пеани хемостатски за препарирање и лигатури со тенок врв од 2 мм и заоблени краци – должина 185мм	Dimeda	Димеда Интрумент	20
39	Пеани хемостатски за препарирање и лигатури со тенок врв од 2 мм и заоблени краци – должина 200мм	Dimeda	Димеда Интрумент	20
40	Пеани хемостатски за препарирање и лигатури со тенок врв од 2 мм и заоблени краци – должина 225мм	Dimeda	Димеда Интрумент	20
41	Пеани хемостатски со многу фин-тенок врв со заоблени краци – должина 100мм	Dimeda	Димеда Интрумент	5
42	Сонда-олива права за испирање со заштитен заоблен врв – должина 160мм со дијаметар 3мм	Dimeda	Димеда Интрумент	3

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-11620/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

6005.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија", бр. 78/15, 106/15 и 153/15) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари:

	Вид на опрема	Модел	Производител	Количина
1.	Апарат за високоинтензивна ласеротерапија	Wikare 4W	EME	1
2.	Апарат за ултразвучна дијагностика на мускулоскелетен систем	Mindray Z6	Миндраи	1
3.	Апарат за ЕМГ bio-feedback	Medeks	Медекс	1
4.	Апарат за краткобранова дијатермија (БТЛ)	BTL 6000	БТЛ	2
5.	Отомани (кревети за масажа) со подесување на висината	BTL 1300	БТЛ	3

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Завод за физикална медицина и рехабилитација – СКОПЈЕ.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Завод за физикална медицина и рехабилитација – СКОПЈЕ, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-11655/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

6006.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија", бр. 78/15, 106/15 и 153/15) Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ, АНЕСТЕЗИЈА, РЕАНИМАЦИЈА, ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари:

	Вид на опрема	Модел	Производител	Количина
1	Медицински мултифункционални колички	PCM2-V	Франција Хоспитал	8
2	Екстензии за операционен стол	Saturn	Трумф	1

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-11656/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

6007.

Врз основа на член 10 став (2) и (5) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15 и 192/15) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 144/14, 33/15 и 104/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА, УГОСТИТЕЛСТВО И УСЛУГИ ЛОИС-ГЕМСТОНЕ УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ С. СТРЕЛЦИ КИЧЕВО НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ПОПОЛЧАНИ" ОПШТИНА КИЧЕВО

1. Со оваа одлука се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на локалитетот „Пополчани" општина Кичево

на Друштвото за производство, трговија, угостителство и услуги ЛОИС-ГЕМСТОНЕ увоз-извоз ДООЕЛ с.Стрелци Кичево, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр. 42-5028/1 од 3.6.2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/15).

2. Друштвото за производство, трговија угостителство и услуги ЛОИС-ГЕМСТОНЕ увоз-извоз ДООЕЛ с.Стрелци Кичево достави понуда со број 00000134 на 13.10.2015 година.

3. Од сите понудувачи на Јавниот повик Друштвото за производство, трговија угостителство и услуги ЛОИС-ГЕМСТОНЕ увоз-извоз ДООЕЛ с.Стрелци Кичево ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

4. На Друштвото за производство, трговија угостителство и услуги ЛОИС-ГЕМСТОНЕ увоз-извоз ДООЕЛ с.Стрелци Кичево се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на локалитетот „Пополчани“ општина Кичево, со површина на простор на концесија за детални геолошки истражувања дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелите, и тоа:

Точка	Координата Y	Координата X
1	7493645	4592147
2	7494065	4592145
3	7494064	4591696
4	7493836	4591718
5	7493645	4591972

5. Површината на просторот на концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука изнесува P=0,157809 km2.

6. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 2 (две) години.

7. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 61.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од седум дена пред денот на склучувањето на Договорот за концесија.

8. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок не подолг од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

9. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за економија.

10. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

11. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

12. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-11680/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

6008.

Врз основа на член 10 став (2) и (5) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15 и 192/15) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15 и 104/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.12.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА – МЕТАЛИЧНИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ НА ДРУШТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ВАРДАР РЕСОУРЦЕС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ШОПУР“ ОПШТИНА РАДОВИШ И ОПШТИНА ШТИП

10	Стипендии за студии од втор циклус во земјата , стипендии за студии од трет циклус во земјата, стипендии за студии и школарини од втор циклус во странство, стипендии за студии и школарини од втор циклус во странство, стипендии и школарини за студии од трет циклус во странство, Еднократен надомест за одбрана на магистерски труд, Еднократен надомест за одбрана на докторски труд, Стипендии и школарини за студии од втор циклус за ШАНГАЈ, ШЕФИЛД и ФРЕНКЛИН и стипендии и школарини за студии од областите на ликовната уметност, кинематографијата и филмаската продукција, драмската уметност и музиката, стипендии и школарини за специјалистички и постдипломски студии за изучување на старо-турски јазик, стипендии за студии од втор циклус за ФАМУ, Република Чешка, творечки субвенции и стипендии за последипломски студии и докторски студии во согласност со Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата	0	0	0	0	0	0	122.570.000	122.570.000
11	Техничка култура	0	0	0	0	2.500.000	0	0	2..500.000
12	Државни награди (награда Гоце Делчев)	0	0	0	0	200.000	0	500.000	700.000
13	Контрибуција за разни членарина во меѓународни организации.	0	0	0	0	0	3.000.000	0	3.000.000
14	ЦЕЕПУС	0	0	0	0	204.000	0	300.000	504.000
15	Други расходи исплата на експертски и советодавни тела, исплата на рецензенти, објавување на огласи, конкурски и други активности.	0	0	0	0	0	0	0	0
	БУЏЕТ ЗА 2015 ГОДИНА	2.640.000	2.920.000	2.560.000	2.400.000	11.364.000	3.000.000	123.370.000	148.254.000

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија''

Бр. 42-11957/1
7 декември 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

6034.

Врз основа на член 53-а став (6) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15 и 129/15) министерот за финансии донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ФАКТУРАТА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРИЈАВАТА, НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОМЕТОТ, СОДРЖИНАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ФАКТУРИ КОЈА ЈА ВОДИ НАДЛЕЖЕН ДАНОЧЕН ОРГАН КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПРИМЕНИ ФАКТУРИ КОЈА ЈА ВОДИ ПРИМАТЕЛОТ НА ПРОМЕТОТ ЗА ЦЕЛИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДАНОЧНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ПРОМЕТ НА ДОБРА И УСЛУГИ НАМЕНЕТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ КОЈ Е ФИНАНСИРАН СО ПАРИЧНИ СРЕДСТВА ДОБИЕНИ ВРЗ ОСНОВА НА ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СТРАНСКИ ДОНАТОР ВО КОЈ Е ПРЕДВИДЕНО ДЕКА СО ДОБИЕНИТЕ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НЕМА ДА СЕ ПЛАЌААТ ДАНОЦИ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на фактурата, формата и содржината на пријавата, начинот на пријавување на прометот, содржината на евиденцијата на фактури која ја води надлежен даночен орган како и формата и содржината на евиденцијата за примени фактури која ја води примателот на прометот за цели на спроведување на даночното ослободување од плаќање на данок на додадена вредност на промет на добра и услуги наменети за реализација на проект кој е финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација склучен помеѓу Република Македонија и странски донатор во кој е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/14) во член 2 став (3) точка 3 во алинејата 6 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во алинеја 7 точката се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови алинеи 8 и 9 кои гласат:

„-ЕДБ на носител/член на поврзано лице и

- назив на носител/член на поврзано лице.“

Член 2

Во членот 3 став (2) во алинејата 19 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови алинеи 20 и 21 кои гласат:

„- ЕДБ на носител/член на поврзано лице;

- назив на носител/член на поврзано лице и“.

Член 3

Прилозите 1 и 2 се заменуваат со нови Прилози 1 и 2 кои се составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-7416/3
30 ноември 2015 година
Скопје

Министер за финансии,
Зоран Ставрески, с.р.

ПРИЛОГ 1

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ПРИЈАВА

за промет на добра и услуги ослободен од данок на додадена вредност согласно член 24-а од Законот за данокот на додадена вредност

ДДВ-ПЕФ-ДО

* Попополнува Управа за јавни приходи

Даночен број за ДДВ на вршител на промет

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Датум и број на прием

Деловна банка

Трансакциска сметка

ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ

ЕДБ на проект

Назив и адреса на проект

Број на потврда на проект

Времетраење на проект

Назив на имплементатор на проект

ПОДАТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИОТ ПРОМЕТ

Датум на извршен промет	Опис	Количина	Единична цена	Вкупен износ на надоместок за извршен промет (без ДДВ)
			Вкупно:	
			Рок на плаќање:	

* *За фактура издадена од поврзано лице, до договор со:*

ЕДБ на носител / член на поврзано лице

Назив на носител / член на поврзано лице

☐ **ПОДАТОЦИ ЗА ФАКТУРА КОЈА СЕ СТОРНИРА**

Серриски број

Датум на издавање

ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

Назив / Име и презиме

ЕДБ / ЕМБГ

Датум на пополнување

Својство

Потпис

ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

Име и презиме

ЕМБГ

Датум на пополнување

Својство

Потпис

* Попополнува Управа за јавни приходи

Податоци за обработката

1/2

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

ДДВ-ПЕФ-ДО

Даночниот обврзник - вршителот на прометот пред да ја издаде Фактурата за промет ослободен од данок на додадена вредност согласно член 24-а од Законот за данокот на додадена вредност, мора да го пријави прометот во Управата за јавни приходи по електронски пат преку https://etax-fl.ujp.gov.mk

Во Пријавата ДДВ-ПЕФ-ДО задолжително се внесуваат податоците за подносителот - вршител на прометот; даночен број за данок на додадена вредност (ДДВ) на вршител на промет; скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт; телефон; е-пошта; деловна банка; и трансакциска сметка.
Напомена: Доколку како вршител на промет се јавува носител / член на поврзано лице за цели на ДДВ се пополнуваат и полињата за ЕДБ и Назив на носител / член на поврзано лице.
Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.
Износите се искажуваат во денари, без дени.

Даночниот обврзник кој пријавува промет ослободен од данок на додадена вредност согласно член 24-а од Законот за данокот на додадена вредност, во Пријавата ДДВ-ПЕФ-ДО треба да ги пополни полињата кои се однесуваат на податоците за проектот и податоците за извршениот промет.

Податоци за проектот

Во овој дел задолжително се внесуваат податоците за проектот: Единствен даночен број (ЕДБ) на проект; назив и адреса на проектот; број на потврда на проект и времетраење на проект; назив на имплементатор на проект (се наведува само еден имплементатор).

Податоци за извршениот промет

- **Датум на извршен промет** - се внесува датумот кога е извршен прометот кон имплементаторот на проектот.
- **Опис** - наведете го видот на извршениот промет.
- **Количина** - внесете ја количината на извршениот промет во зависност од видот на прометот.
- **Единечна цена** - внесете ја единечната цена на добрата или услугите .
- **Вкупен износ на надоместок за извршен промет (без ДДВ)** - се внесува вкупен износ на надоместокот за извршениот промет (без данок на додадена вредност).
- **Вкупно** - се внесува износ на надоместок за извршениот промет.
- **Рок на плаќање** - се внесува рокот во кој треба да се плати надоместокот за извршениот промет.

Податоци за фактура која се сторнира

Доколку даночниот обврзник утврди дека пријавил неточни или нецелосни податоци и износи за промет ослободен од данок на додадена вредност согласно член 24-а од Законот за данокот на додадена вредност, должен е да изврши сторнирање на фактурата за која е доделен сериски број, со поднесување на нова Пријава ДДВ-ПЕФ-ДО, во која треба да ги пополни само податоците за вршителот на прометот и податоците за фактурата која се сторнира.

- **Податоци за фактура која се сторнира** - внесете "x" во полето "Податоци за фактура која се сторнира" и пополнете го серискиот број на фактурата и датумот на издавање на фактурата која сакате да ја сторнирате.

Сторнирањето на издадена фактура за промет ослободен од данок на додадена вредност согласно член 24-а од Законот за данокот на додадена вредност, се врши најдоцна до рокот за доставување на Годишната сметка за соодветниот даночен период за кој се однесува издадената фактура.

Податоци за составувачот и потписникот

Се пополнуваат податоците за потписникот и составувачот на пријавата.

ПРИЛОГ 2

Република Македонија
Министерство на финанси
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ФАКТУРА

за промет ослободен од данок на додадена вредност согласно член 24-а од Законот за данокот на додадена вредност

ДДВ-ФП-ДО

Даночен број за ДДВ на вршител на промет		Серриски број на фактура	
Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт		Датум на издавање	
		Место на издавање	
		ЕДБ на проект	
Телефон		Назив и адреса на проектот	
е-пошта			
Деловна банка		Назив на имплементатор на проект	
Трансакциска сметка			

Датум на извршен промет	Опис на извршениот промет	Количина	Единечна цена	Вкупен износ на надоместок за извршен промет (без ДДВ)
			Вкупно:	
			Рок на плаќање:	

** Данокот на додадена вредност не е пресметан согласно член 24-а од Законот за данокот на додадена вредност.*

*** За фактура издадена од физичко лице, по договор со:*

ЕДБ на носител / член на поврзано лице		Назив на носител / член на поврзано лице	

Потпис и печат

Фактурата е издадена врз основа на пријава број

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

6035.

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за спортска академија („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/14, 129/15 и 146/15), министерот за образование и наука, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА МЕРИЛАТА И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ АКАДЕМИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат мерилата и критериумите за распоредување на средствата за финансирање на спортските академии.

Член 2

Со средствата за финансирање на спортските академии се надоместуваат материјалните трошоци (стоки и услуги) за остварување на воспитно - образовната дејност во спортската академија, и тоа трошоци за:

- електрична енергија, вода и канализација, ѓубретарина и градска рента,
- пошта, телефон, телефакс, радиодифузна такса,
- други комунални услуги,
- затоплување,
- горива и масла, регистрација на моторни возила,
- канцелариски материјали,
- книги, списанија, весници и друга стручна литература,
- наставно-образовни помагала,
- спортски реквизити,
- средства за одржување на хигиената,
- алати, ситен инвентар и други материјали за поправка,
- дезинфекција, дезинсекција и дератизација,
- средства за тековно одржување,
- средства за договорни услуги за реализација на воспитно – образовната работа на спортската академија,
- сместување на учениците кои учествуваат на домашни и меѓународни спортски натпревари,
- трошоци кои произлегуваат од остварување на дејноста на спортската академија надвор од нејзиното седиште,
- оперативни расходи и
- средства за јавен превоз на учениците до и од спортската академија.

Член 3

Надоместоците за трошоците од член 2 од овој правилник се вршат врз основа на доставено барање од страна на спортската академија до Министерството за образование и наука со соодветна документација (фактури и испратници).

Член 4

Трошоците за електрична енергија, вода и канализација, ѓубретарина и градска рента се надоместуваат месечно во целост.

Член 5

Трошоците за пошта, телефон, телефакс, радиодифузна такса и други слични услуги се надоместуваат во зависност од бројот на паралелки, и тоа:

- до 10 паралелки..... до 6.000,00 денари,
- од 11 до 20 паралелки..... до 8.000,00 денари и
- над 20 паралелки..... до 12.000,00 денари.

Член 6

Трошоците за други комунални услуги, чистење парни котли и оџаци, чистење на олуци и слично) се надоместуваат по потреба.

Член 7

Трошоците за затоплување се надоместуваат според реалните цени на огревните материјали, а количините се утврдуваат годишно според видот на затоплувањето, сменската работа и површината на објектите, и тоа:

А. Сопствено парно греење на течно гориво :

- се применува норматив кој како основа ја користи површината на училниците во кои се изведува настава и сменското работење, и тоа:

Број на смени	*Количини во литри по 1 м2 нето покриена површина што се загрева*	
	Основен норматив	*Норматив за екстремни услови*
една смена	м2 површина * 8 литри	м2 површина * 10литри
две смени	м2 површина * 10литри	м2 површина * 12литри
три смени	м2 површина * 14литри	м2 површина * 15литри

Б. Сопствено парно греење на дрва

- се применува норматив кој како основа ја користи површината на училниците во кои се изведува настава и сменското работење, и тоа:

Број на смени	*Количини по училници*			
	Основен Норматив		*Норматив за екстремни услови*	
	Кубни метри (м3)	*Просторни метри (ПРМ)*	*Кубни метри (м3)*	*Просторни метри (ПРМ)*
една смена	м2површина *0.05	м3 * 1,.42	м2 површина *0.06	м3 * 1,.42
две смени	м2површина* 0.07	м3 * 1,.42	м2 површина *0.08	м3 * 1,.42

В.Сопствено парно греење на јаглен :

- се применува норматив кој како основа ја користи површината на училниците во кои се изведува настава и сменското работење, и тоа :

Број на смени	*Количини во м3 (на површина што се загрева)*
една смена	м2 површина * 0.05
две смени	м2 површина * 0.07

Г. Централно парно греење – топлинска енергија:

Трошоците за користење на топлинска енергија на спортската академија се надоместуваат месечно во целост.

Член 8

Трошоците за горива и масла и регистрација на моторни возила се надоместуваат по доставено барање од спортската академија.

Член 9

Трошоците за канцелариски материјали се надоместуваат месечно во зависност од бројот на паралелки во спортската академија, и тоа:

- до 10 паралелки.....до 4.000,00 денари,
- од 11 до 20 паралелки.....до 6.000,00 денари и
- над 20 паралелки.....до 8.000,00 денари.

Член 10

Трошоците за набавка на книги, списанија, весници и друга стручна литература, се надоместуваат во висина од 2.500,00 денари месечно .

Член 11

Трошоците за наставно-образовни помагала во спортската академија се надоместуваат во зависност од бројот на паралелки, и тоа:

- до 10 паралелки.....до 2,000,00 денари,
- од 11 до 20 паралелки.....до 4.000,00 денари и
- над 20 паралелки.....до 6.000,00 денари.

Член 12

Трошоците за спортски реквизити се надоместуваат во зависност од бројот на паралелки во спортската академија во месечен износ, за една паралелка до 1.500,00 денари.

Член 13

Средствата за одржување на хигиената се надоместуваат во зависност од бројот на паралелки во спортска академија, и тоа:

- до 10 паралелки..... до 4,000,00 денари,
- од 11 до 20 паралелки.....до 6.000,00 денари и
- над 20 паралелки.....до 8.000,00 денари.

Член 14

Трошоците за алати, ситен инвентар и други материјали за поправки во спортската академија се надоместуваат зависност од бројот на паралелки, и тоа:

- до 10 паралелки.....до 2,000,00 денари,
- од 11 до 20 паралелки.....до 4.000,00 денари и
- над 20 паралелки.....до 6.000,00 денари.

Член 15

Трошоците за дезинсекција, дезинфекција и дератизација се надоместуваат по потреба.

Член 16

Трошоците за средства за тековно одржување ги опфаќаат трошоците што се однесуваат на поправка и сервисирање на возила, сервисирање и полнење на противпожарни апарати и испитување на исправност на громобранска инсталација, поправка и одржување на опрема, машини и друго, и истите се надоместуваат по потреба.

Член 17

Трошоците за договорни услуги за реализација на воспитно-образовната работа на спортската академија ги опфаќаат трошоците што се однесуваат на изнајмување на сали, терени, тениски терени и базени за тренинзи и осигурување на објектите и опремата.

Член 18

Трошоците за сместување на учениците кои учествуваат на домашни и меѓународни спортски натпревари се надоместуваат по доставено барање од страна на спортската академија.

Член 19

Трошоците кои произлегуваат од остварување на дејноста на спортската академија надвор од нејзиното седиште (комунални услуги, затоплување, дезинфекција и дератизација и сл.) се надоместуваат согласно склучените договори помеѓу спортската академија и правниот субјект каде се остварува дејноста.

Член 20

Оперативните расходи ги опфаќаат трошоците што се однесуваат на промена на овластено лице и депонирање на потпис, огласи, регистрација и пререгистрација на спортската академија, подмирување на трошоци за организирање на натпревари, семинари, јубилеи на училиштето и меѓународни активности.

Член 21

Трошоците за јавен превоз на учениците до и од спортската академија се надоместуваат во целост.

Член 22

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 20-16430/1
21 октомври 2015 година
Скопје

Министер,
Абдилаќим Адеми, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

6036.

Врз основа на член 68 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр.199/14 и 44/15), министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 142/15) во членот 15 во ставот (3) во алинејата 1 бројот: „23,00“ се заменува со бројот: „22,00“, а во алинејата 4 бројот: „10,50“ се заменува со бројот: „10,00“.

Во ставот (5) зборовите: “член 69“ се заменуваат со зборовите: “член 67“.

Член 2

Во членот 33 зборовите: „согласно табелата од Прилогот 1 на овој правилник“ се заменуваат со зборовите: „со максимално дозволено учество од 25 проценти од вкупната изградена површина.“

Член 3

Во членот 59 во ставот (3) по зборот: „паркирање“ запирката и зборовите „како и вертикални и хоризонтални комуникации“ се бришат.

Член 4

Во членот 62 ставот (2) се менува и гласи:

“Пристап од примарна мрежа на улици е дозволен само за придружно услужни објекти на уличната мрежа – бензински пумпни станици.“

Член 5

Во членот 63 во ставот (1) последната реченица се менува и гласи:

“На транзитни магистрални улици не се планира паркирање и пристап до градбите, но може да се планира јавен градски превоз и сообраќај со велосипеди и пешаци издвоени од коловозот.“

Член 6

Во членот 66 ставот (3) се менува и гласи:

„Широчината на сообраќајната лента зависи од категоријата на улицата и планираната пропусна моќ и изнесува:

- транзитна магистрална улица 3,50 – 3,75 м;
- градска магистрална улица 3,25 – 3,50 м;
- магистрална улица низ населено место – село 3,25 – 3,50 м;
- собирна улица 3,00 – 3,25 м;
- сервисна улица 3,00 – 3,25 м;
- станбена улица 2,75 – 3,00 м и
- индустриска улица 3,50 – 3,75 м.“

Член 7

Во членот 67 во ставот (2) бројот: „23“ се заменува со бројот: „22“.

Во ставот (4) бројот: „10,50“ се заменува со бројот: „10“.

Член 8

Во член 73 по став (4) се додава нов став (5) кој гласи:

“(5) При диспозиција на придружно услужни објекти на уличната мрежа – бензински пумпни станици се применуваат следните минималните растојанија, мерено од крстосницата до влезна - излезна лента, односно од влезно – излезна рампа до влезна - излезна лента и тоа за:

- транзитни магистрални улици 150м;
- градски магистрални улици 125м;
- магистрална улица низ населено место - село 100м;
- собирни улици 75м;
- сервисна улица 60м;
- станбена улица 40м и
- индустриска улица 40м.“

Член 9

Прилозите 1 и 2 се заменуваат со нови Прилози 1 и 2, кои се составен дел од овој правилник.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-16857/1
27 ноември 2015 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
Владо Мисајловски, с.р.

Прилог 1

Група на класи на намени	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намени на основната класа на намена	Максимален дозволен % на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена во планот	Максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот
А ДОМУВАЊЕ	А0 ДОМУВАЊЕ СО ОСОБЕН РЕЖИМ	—	0	0
	А1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	Б1	30	30
		В1	30	
		Д3	30	
		Б5	5	
		*Г2	5	
	А2 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ	Б5	15	40
		Б1	20	
		Б2	30	
		Б4	20	
		В3	40	
		В4	10	
		Д3	40	
	А3 ГРУПНО ДОМУВАЊЕ	Б1	20	20
		Б2	20	
		В1	20	
		В2	20	
		В3	20	
		Д3	20	
	А4 ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ	Б1	30	30
		Б3	30	
		В2	30	
		Д3	30	
Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б1 МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	А1	20	40
		А3	20	
		Б4	20	
	Б2 ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ	А2	40	40
		А3	40	
		Б5	40	
		Б3	40	
		Б4	40	
		В3	40	
		В4	40	
	Б3 ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ	А3	40	40
		Б5	40	
		В4	40	
		В3	40	
		Д3	40	
	Б4 ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ	Б5	40	40
		Б1	40	
		Б2	40	
		Б3	40	
		В4	40	
		Д3	40	
	Б5 ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ	Б1	40	40
		Б2	40	
		Б3	40	
		Б4	40	
		Б6	40	
		В2	40	
		В3	40	
		Д3	40	

Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	Б6 ГРАДЕЖИ ЗА СОБИРИ		Б5	20	40
			Б1	20	
			Б2	40	
			Б3	20	
			Б4	20	
			В2	20	
			В3	20	
			В4	10	
			Д3	20	
В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ	В1 ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА		А3	20	20
			Б1	10	
			Б4	10	
			В3	20	
			Д3	20	
	В2 ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА		Б5	20	40
			Б1	20	
			Д3	20	
			Б4	20	
	В3 КУЛТУРА		Б5	49	49
			Б1	49	
			Б2	49	
			Б4	49	
			В1	49	
			В4	49	
			Д3	49	
	В4 ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ	СИТЕ ОРГАНИ НА ИЗВРШНА, СУДСКА И ЗАКОНОДАВНА ВЛАСТ, ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ, ЗАВОДИ, АГЕНЦИИ, ДИРЕКЦИИ И ДИПЛОМАТСКИ ПРЕТСТАВНИШТВА	Б1	25	25
			Б2	25	
			Б3	25	
			Б4	25	
			В3	25	
			В3	49	49
		ОРГАНИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА	А2	49	49
			Б1	49	
			Б2	49	
			Б3	49	
			Б4	49	
			В3	49	
	В5 ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ		Б5	10	49
			Б1	10	
			Д1	10	
			Д3	40	
			Д4	49	
Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Г1 ТЕШКА И ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА		Д1	30	49
			Д2	30	
			Д4	30	
			Б4	10	
			В2	5	
			Г2	49	
			Г3	49	
			Г4	49	
	Г2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА		А4	30	49
			Б1	30	
			Б2	30	
			Б4	10	
			В2	5	
			Д2	30	
			Д3	30	
			Д4	30	
			Г3	30	
			Г4	30	
	Г3 СЕРВИСИ		Б1	30	49
			Б2	30	
			Б4	10	
			Д2	30	
			Д3	30	
			Д4	30	
			Г2	49	
			Г4	49	

Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ	Г4 СТОВАРИШТА		Б1	30	49
			Б2	30	
			Б4	30	
			Г3	49	
			Д2	30	
			Д3	30	
			Д4	30	
Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА	Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО		Б1	10	10
			Д3	10	
	Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО		–	0	0
	Д3 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА		А4	20	40
			Б1	10	
			Б2	30	
			Б3	10	
			Б4	10	
			Б5	20	
			Б6	30	
			В3	20	
			Д1	40	
	Д4 МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ		В5	40	40
Е ИНФРАСТРУКТУРА	Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА		Учеството на компатибилни класи на намена во класата на намена Е1 како основна класа на намена се утврдува во урбанистичкиот план		
	Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	ТЕРМИНАЛИ ОД СЕКАКОВ ВИД, АЕРОДРОМИ, ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ, БЕНЗИСКИ ПУМПНИ СТАНИЦИ, МЕРНИ СТАНИЦИ, ТРАФОСТАНИЦИ ДО 20 kV, ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВОАРИ ЗА ВОДА, ПРОТИВ ПОЖАРНИ ДОМОВИ И СЛ.	Учеството на компатибилни класи на намена во класата на намена Е2 како основна класа на намена се утврдува во урбанистичкиот план		
		КАТНИ ГАРАЖИ	Б1	15	15
			Б2	15	
			Б3	15	
			Б4	15	
	Е3 НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА		За класата на намени Е3 не се утврдуваат компатибилни намени		

* Компатибилни класи на намени на основната класа на намена кои се утврдуваат само при вклопување на градби кои стекнале правен статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Прилог 2

Наменска употреба на градежно земјиште во урбанистички планови донесени до 28 јуни 2006 година, која соодветствуваат со класите на намени дефинирани со овој Правилник	Основна класа на намена	Група на класи на намени
• СЕМЕЈНИ КУЌИ СО ГРАДИНИ, ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ, СТАНОВАЊЕ, ВИЛНИ НАСЕЛБИ	**А0** ДОМУВАЊЕ СО ПОСЕБЕН РЕЖИМ	**А** ДОМУВАЊЕ
• СЕМЕЈНИ КУЌИ СО ГРАДИНИ, ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ, СТАНОВАЊЕ • ЗОНА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ДОМАЌИНСТВА, СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОРОВИ • ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ СО ТЕРЦИЕРНИ ДЕЈНОСТИ	**А1** ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ	
• ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ • КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ • КОЛЕКТИВНО СТАНОВАЊЕ • СТРУКТУРАЛНО ДОМУВАЊЕ • ДОМУВАЊЕ - ПРОГРАМА НА ВЛАДА • РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИ ГРАДБИ • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ	**А2** ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ	
• СТАРСКИ ДОМ • ОБЈЕКТИ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА • УЧЕНИЧКИ ДОМ • ИНТЕРНАТ, СТУДЕНТСКИ ДОМ • СТУДЕНТСКИ ДОМ • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ	**А3** ГРУПНО ДОМУВАЊЕ	
• ВИКЕНД НАСЕЛБИ, ВИКЕНД ЗОНИ, ВИКЕНД КУЌИ • МОТЕЛ • ПЛАНИНАРСКИ ДОМ • ЛОВЕН ДОМ • КАМП	**А4** ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ	
• ДУЌАНИ • ТРГОВСКИ ЦЕНТАР • ЗАНАЕТЧИСКИ ДУЌАНИ • РАСАДНИК • УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ • ТРГОВИЈА • УГОСТИТЕЛСТВО • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ	**Б1** МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ	**Б** КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
• ТРГОВСКИ ОБЈЕКТИ • ТРГОВСКИ ЦЕНТАР • ПАЗАРИ • СТОЧНИ ПАЗАРИ • КВАНТАШКИ ПАЗАР • АГРОБЕРЗА • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ	**Б2** ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ	
• УГОСТИТЕЛСКИ И ТУРИСТИЧКИ КАПАЦИТЕТИ • РЕСТОРАН • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ	**Б3** ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ	
• СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ - ПРОГРАМА НА ВЛАДА • ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА • ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ	**Б4** ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ	
• УГОСТИТЕЛСКИ И ТУРИСТИЧКИ КАПАЦИТЕТИ • ХОТЕЛИ • ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ • ПРЕНОЌИШТА, ПАНСИОНИ • СИТЕ ВИДОВИ НА ОДМОРАЛИШТА • БАЊИ	**Б5** ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ	
• СПОРТСКИ ЦЕНТРИ, ОБЈЕКТИ • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ	**Б6** ГРАДБИ ЗА СОБИРИ	

• ОБРАЗОВАНИЕ • ОСНОВНО ШКОЛО - УЧИЛИШТЕ • СРЕДНО ШКОЛО - УЧИЛИШТЕ • ФАКУЛТЕТ • РАСАДНИК • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ • ОБЈЕКТИ ОД НАУКА • ИНСТИТУТ	**В1** ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА	**В** ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
• ОБЈЕКТИ ОД ЗДРАВСТВО • ОБЈЕКТИ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА • САНАТОРИУМИ • БАЊИ • ДЕТСКИ ГРАДИНКИ • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ	**В2** ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА	
• ОБЈЕКТИ ОД КУЛТУРА • ТЕАТАР • ДОМ НА КУЛТУРА • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ	**В3** КУЛТУРА	
• ДРЖАВНА И ЛОКАЛНА УПРАВА • КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ • КОМПЛЕКСИ И ОБЈЕКТИ НА МО • СПЕЦИЈАЛНИ НАМЕНИ • ДИПЛОМАТСКИ ПРЕСТАВНИШТА • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ • ЈАВНА АМИНИСТРАЦИЈА	**В4** ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ	
• ПОСТОЈНИ ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ • ЦРКВА • ЏАМИЈА • СИНАГОГА • ХРАМ • МАНАСТИР • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ	**В5** ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ	
• ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ • ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА • РАФИНЕРИЈА • ТЕШКА ИНДУСТРИЈА • ЖЕЛЕЗАРА	**Г1** ТЕШКА И ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА	**Г** ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
• СЛОБОДНА СТОПАНСКА ЗОНА • МАЛО СТОПАНСТВО • ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА • ФАРМИ • ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА	**Г2** ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА	
• СЕРВИСИ • МАЛО СТОПАНСТВО	**Г3** СЕРВИСИ	
• СТОВАРИШТА • МАГАЦИНИ • СКЛАДИШТА • СИЛОСИ	**Г4** СТОВАРИШТА	
• ПАРК • БОТАНИЧКА ГРАДИНА	**Д1** ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО	**Д** ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
• ЗОНА ЗА САНИТАРНА ЗАШТИТА • ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	**Д2** ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	
• СПОРТСКИ ТЕРЕНИ • ТЕНИСКИ ТЕРЕНИ • СПОРТСКИ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ • СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА • БАЗЕНИ • ПЛАЖИ	**Д3** СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	
• МЕМОРИЈАЛЕН ПАРК • СПОМЕН ПАРК • ВЕРСКИ ОБЈЕКТ СО ГРОБИШТА • ГРОБИШТА	**Д4** МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ	

• СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ • ВОДОВОДНИ, КАНАЛИЗАЦИОНИ ИНФРАСТРУКТУРИ • ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА ДО 20 КВ • ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА	**Е1** КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	**Е** ИНФРАСТРУКТУРА
• АЕРОДРОМИ • ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ • КОМУНАЛНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ГРАДБИ • ПРОТИВПОЖАРЕН ДОМ • БЕНЗИНСКИ ПУМПНИ СТАНИЦИ • ГАРАЖНИ КУЌИ - КАТНИ ГАРАЖИ • СООБРАЌАЈ И ВРСКИ • УСЛУЖНИ ЦЕНТРИ • ПОЛИГОН ЗА ОБУКА НА ВОЗАЧИ • РЕЗЕРВОАРИ ЗА ВОДА • ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА • ТРАФОСТАНИЦИ ДО 20 КВ	**Е2** КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА	
• ЗАГАДУВАЧКА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА • РЕЗЕРВОАРИ ЗА ДЕРИВАТИ НАД 200 ТОНИ • ДЕПОНИИ • ТРАФОСТАНИЦИ НАД 20 КВ • ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ	**Е3** НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	

6037.

Врз основа на член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/12, 115/14, 199/14, 124/15 и 129/15), министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ ВО УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на Република Македонија" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14 и 64/15) во членот 2 став (1) во алинејата 4 точката и запирката на крајот од алинејата се заменуваат со сврзникот "и".

Во алинејата 5 сврзникот "и" на крајот од алинејата се заменува со точка.

Алинејата 6 се брише.

Член 2

Во член 3 во ставот (5) зборот "три"се заменува со зборот "четири".

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-17057/1
1 декември 2015 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
Владо Мисајловски, с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

6038.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став (1) точка 16) и член 44 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 41/14, 151/14, 33/15 и 192/15), како и член 46 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ", бр. 143/11, 78/13 и 33/15), на седницата одржана на ден 30.11.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи издадена согласно Одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи бр. УП-1 бр.153/15 од 27.11.2015 година („Службен весник на РМ" бр. 211/15) на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, улица 11 Октомври бр. 9, 1000 Скопје, со скратено име ЕВН Македонија АД Скопје се продолжува.

2. Продолжената лиценца е прилог 1 на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

УП1 Бр. 07-152/15
30 ноември 2015 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата

ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, улица 11 Октомври бр. 9, 1000 Скопје, Република Македонија, со скратено име ЕВН Македонија АД Скопје

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата

Снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи

3. Датум на издавање на лиценцата

30 Ноември 2015 година

4. Датум до кога важи лиценцата

01.07. 2020 година

5. Евидентен број на издадената лиценца

ЕЕ - 08.08.1/05/2/15/3/15

6. Број на деловниот субјект - 5933773

7. Единствен даночен број – 4030005565759

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши

Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи.

Како снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи во смисла на оваа лиценца, се смета набавка на електрична енергија која што ја врши овој снабдувач за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои што ќе се снабдуваат со електрична енергија од снабдувачот на електрична енергија на тарифни потрошувачи согласно Законот за енергетика.

9. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста

Енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на договори за купување на електрична енергија со регулираниот производител, преку склучување на договори за снабдување со електрична енергија на тарифните потрошувачи од точка 8) став (2) на оваа лиценца и преку склучување договори за за купување на преносен и/или дистрибутивен капацитети како и пазарни услуги со операторот на соодветниот систем односно пазар.

10. Подрачје на кое ќе се врши дејноста

Енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи, носителот на лиценцата може да ја врши на целата територија на Република Македонија.

11. Услови и начин на извршување на обврските на носителот на лиценцата

Носителот на лиценцата е должен да:

- набави електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи по цени за набавка и

соодветните договори од производителот на електрична енергија на кој во лиценцата му е утврдена обврска да обезбеди јавна услуга, одобрени од Регулаторната комисија за енергетика;

- набави електрична енергија на пазарот на електрична енергија по пазарни цени, ако:

1) пазарните услови и цени се поповолни од условите и цените утврдени за производителот на електрична енергија на кој во лиценцата му е утврдена обврска да обезбеди јавна услуга; или

2) во определени периоди електричната енергија произведена од производителот на електрична енергија на кој во лиценцата му е утврдена обврска да обезбеди јавна услуга не е доволна за задоволување на потребите од електрична енергија на домаќинствата и малите потрошувачи,

- достави до Регулаторната комисија за енергетика на одобрување Правила за набавка на електрична енергија на отворен пазар за набавките од точка 11, алинеја 2 од оваа Лиценца, кои што ги содржат условите, начинот и постапката на набавките, засновани на транспарентни и недискриминаторни начела;

- обезбеди, за потребите на своите потрошувачи, потребен преносен и/или дистрибутивен капацитет, како и услуги од операторот на пазарот на електрична енергија;

- им фактурира на своите потрошувачи за испорачаната електрична енергија и обезбедени услуги, во согласност со Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинствата и малите потрошувачи;

- доставува до операторот на пазарот на електрична енергија податоци за трансакциите, односно договорите и биланси за потребите од електрична енергија на своите потрошувачи неопходни за пресметка на неурамнотежувањата, во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција;

- превземе балансна одговорност за домаќинствата и малите потрошувачи кои што ги снабдува со електрична енергија;

- работи во согласност со Правилата за снабдување на тарифни потрошувачи со електрична енергија и Правилата за пазарот на електричната енергија во однос на доверливоста и обемот на снабдување, со цел да се исполнат обврските кон купувачите како и да ги исполни барањата за финансиско обезбедување утврдени со пазарните правила;

- доставува до операторот на пазарот на електрична енергија податоци за трансакциите и плановите за потрошувачката на електрична енергија за своите потрошувачи неопходни за пресметка на неурамнотежувањата, во согласност со пазарните правила, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција;

- ги плати набавените количини на електрична енергија, како и закупените капацитети и соодветните регулирани услуги од операторите на електропреносниот систем и/или на дистрибутивните системи и операторот на пазарот на електрична енергија;

- достави до Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање и во определен рок, информации и извештаи за своите трансакции и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Македонија, работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Македонија;

- обезбеди соодветен стручен кадар за вршење на енергетска дејност снадбување со електрична енергија на тарифни потрошувачи;

- обезбеди соодветна компјутерска и телекомуникациска опрема за издавање и контрола на сметките и комуникација со потрошувачите и соодветните оператори.

12. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; како и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

13. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да доставува Годишен извештај за работењето во претходната година (извештајна година), кој особено треба да содржи:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива.

14. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста, до Регулаторната комисија за енергетика

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- податоци за испорачаните количини на електрична енергија според категоријата на потрошувачите по напонското ниво на приклучок како и бројот на потрошувачите според категоријата на потрошувачите по напонското ниво, согласно Табела 1 и Табела 2 кои се составен дел на оваа лиценца;

- податоци за испорачаните количини на електрична енергија, на месечно и годишно ниво;

- податоци за бројот на потрошувачите според категоријата на потрошувачите по напонското ниво, на квартално и годишно ниво;

- известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи;

- како и други промени во работењето во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

15. Обврска за овозможување на пристап до деловните простории и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

16. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

17. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Табела 1
ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Корисник, по категорија на потрошувач, група и подгрупа	Испорачани количини			
	Планирана количина на електрична енергија (kWh)		Реализирана количина на електрична енергија (kWh)	
	месечно	годишно	месечно	годишно
35 kV директни потрошувачи				
35 kV потрошувачи,				
Категорија на потрошувачи приклучени на 6 kV, 10(20) kV напонско ниво				
Категорија на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво, за група домаќинства				
Категорија на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво, за група јавно осветление				
Категорија на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво, за група останати подгрупа I тарифен степен				
Категорија на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво, за група останати, подгрупа II тарифен степен				

Табела 2 ИЗВЕШТАЈ ЗА БРОЈ НА ПОТРОШУВАЧИ

Корисник, по категорија на потрошувач, група и подгрупа	Број на потрошувачи од почетокот на годината (квартално и сумарно годишно)			
	Планирано		Реализирано	
	квартално	годишно	квартално	годишно
35 kV директни потрошувачи				
35 kV потрошувачи,				
Категорија на потрошувачи приклучени на 6 kV, 10(20) kV напонско ниво				
Категорија на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво, група домаќинства				
Категорија на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво, група јавно осветление				
Категорија на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво, група останати, подгрупа I тарифен степен				
Категорија на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво, група останати, подгрупа II тарифен степен				

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2015217